РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
04 04 2016
08-929/1

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:** 16-184/20
**Дата:** 28.03.2016

**ДО**
**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ**
**м-р Сузана Салиу - директор**
**ул. „Димче Мирчев" бр.9**
**Скопје**

**Предмет:** Доставување на Конечен извештај

Почитувана г-ѓа Салиу,

Согласно член 31 од Законот за државната ревизија („Службен весник на РМ" број 66/2010, 145/2010, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15 и 27/2016 година) Ви доставуваме 1 (еден) примерок од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност – "Ефикасност на преземените активности од страна на надлежните институции со цел подготовка на реките за заштита од ефекти на водата".

Во рок од 90 дена од приемот на Конечниот извештај, согласно член 32 од Законот за државната ревизија должни сте да го известите Државниот завод за ревизија за преземените мерки во врска со наодите во ревизорскиот извештај.

Во прилог Ви испраќаме образец ИЗПМ и Ве молиме во рамките на Вашите надлежности, да преземете активности за доставување на повратни информации за преземените мерки од Ваша страна по Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност - "Ефикасност на преземените активности од страна на надлежните институции со цел подготовка на реките за заштита од ефекти на водата".

Со почит,

**Главен државен ревизор**
**м-р Тања Таневска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА СКОПЈЕ

**Изработил:** Јулија Таковска, помлад ревизор
**Одобрил:** м-р Максим Ацевски, ПГДР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

## Известување за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во конечниот ревизорски извештај - ИЗПМ

### I Основни податоци за ревидираниот субјект и ревизија

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот | Центар за управување со кризи |
| Одговорно лице на субјектот | м-р Сузана Салиу - директор |
| Надлежен орган за надзор и контрола | |
| Лице за контакт на субјектот/телефон/ е-маил | |
| Број на извештајот | 02 2015 00 18 |
| Назив и број на сметката | / |
| Вид на ревизија | Ревизија на успешност - "Ефикасност на преземените активности од страна на надлежните институции со цел подготовка на реките за заштита од ефекти на водата". |
| Година на која се однесува ревизијата | 2013-2015 година |
| Датум на издавање | 25.03.2016 година |
| Краен датум за одговор - 90 дена | 22.06.2016 година |
| Раководител на тим/е-маил | Росица Шалевиќ – Христовска rosica.salivic@dzr.gov.mk |
| ПГДР/ РР/е-маил | Максим Ацевски maksim.acevski@dzr.gov.mk |
| Сектор | 3 |

## II Податоци за препораки и преземени мерки

**Препорака број 1** | **Врска со наоди од КИ** 1.1. и 1.2.

**Содржина на препораката**

Надлежните органи (МЖСПП, Собранието на Република Македонија, Влада на Република Македонија, МЗШВ, единици на локална самоуправа, АД Водостопанство на Република Македонија[1], МО, МТВ, МЗ, МЛС, ДЗС и ЦУК) да преземат активности за донесување на стратешки документи и подзаконски акти и обезбедат нивна имплементација.

**Статус на препораката**

☐СП-спроведена ☐ДС- делумно спроведена ☐ВТ- во тек ☐НС- не спроведена ☐НП- не применлива

**Коментар на ревидираниот субјект**

| Преземени мерки | Дата | Одговорен | Индикатор за спроведување |
|---|---|---|---|
| | | | |

**Препорака број 10** | **Врска со наодот од КИ** 3.2.

**Содржина на препораката**

Надлежните органи (МЖСПП, АД Водостопанство на Република Македонија, единиците за локална самоуправа, ДЗС, ЦУК и ДИЖС) да преземат мерки и активности за обезбедување соодветни организациони облици, доволно кадровски ресурси и нивно стручно усовршување (со посебен осврт на специјализирани обуки за одбрана од поплави за просторните сили и обуки за самозаштита за граѓаните) како основен предуслов за воспоставување на квалитетен систем за управување со водите.

**Статус на препораката**

☐СП-спроведена ☐ДС- делумно спроведена ☐ВТ- во тек ☐НС- не спроведена ☐НП- не применлива

**Коментар на ревидираниот субјект**

| Преземени мерки | Дата | Одговорен | Индикатор за спроведување |
|---|---|---|---|
| | | | |

[1] АД Водостопанство на Република Македонија акционерско друштво во државна сопственост се формира со Закон за водостопанства (Сл.Весник на РМ бр.51/15)

| Препорака број 13 | Врска со наодот од КИ 5.2. |
|---|---|

**Содржина на препораката**

Во насока на навремено справување со кризи, надлежните институции (ЦУК, Влада на Република Македонија, АД Водостопанство на Република Македонија и единици за локална самоуправа) да преземат мерки за:

- Воспоставување единствен систем за известување и тревожење;
- Воспоставување единствен комуникациско – информативен систем, со единствен број на повик – јавување во случај на ризици, опасности и други несреќи на целата територија на републиката;
- Акт со кои се пропишани  знаците, начинот и процедурите за тревожење и постапките на населението во случај на тревожење и
- Воспоставување или санација на системите за известување и тревожење на браните.

**Статус на препораката**

☐СП-спроведена ☐ДС- делумно спроведена ☐ВТ- во тек ☐НС- не спроведена ☐НП- не применлива

**Коментар на ревидираниот субјект**

| Преземени мерки | Дата | Одговорен | Индикатор за спроведување |
|---|---|---|---|
| | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | Одговорно лице на правниот субјект |
| | | Дата: |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ

# „ЕФИКАСНОСТ НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД СТРАНА НА НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ СО ЦЕЛ ПОДГОТОВКА НА РЕКИТЕ ЗА ЗАШТИТА ОД ЕФЕКТИ НА ВОДАТА“

02 2015 00 18



Скопје, март 2016 година

# С О Д Р Ж И Н А


| | Страна |
|---|---|
| Резиме | 1 - 5 |
| Основни податоци | 6 - 14 |
| Цел, опфат и методологија на ревизијата | 14 - 19 |
| Ревизорски наоди | 19 - 50 |
| Заклучок | 51 - 52 |
| Препораки | 53 - 56 |

Прилози:

Прилог бр.1 - Преглед на активности за реализација на Акционен план за чистење на речни корита 2013 година

Прилог бр.2 - Забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Прилог бр.3 - Одговор на забелешките по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

- МЖСПП – Министерство за животна средина и просторно планирање;
- МЗШВ – Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство;
- Управа – Управа за водостопанство;
- ЦУК – Центар за управување со кризи;
- ДЗС – Дирекција за заштита и спасување;
- УХМР – Управа за хидрометеоролошки работи;
- ДИЖС – Државен инспекторат за животна средина;
- ДИЗ – Државен инспекторат за земјоделство;
- Програма – Програма за управување со водите;
- Сектор за хидрологија – Сектор за хидрологија и следење на состојбата на природната средина;
- МО – Министерство за одбрана;
- МТВ – Министерство за труд и социјална политика;
- МЗ – Министерство за здравство;
- МЛС – Министерство за локална самоуправа;
- МФ – Министерство за финансии.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 16-194/18
Дата: 29.03.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## РЕЗИМЕ

Извршивме ревизија на успешност на тема "Ефикасност на преземените активности од страна на надлежните институции со цел подготовка на реките за заштита од ефекти на водата" за да се даде одговор на поставеното прашање „дали мерките/активностите преземени од страна на надлежните институции обезбедуваат превенција и подготовка на реките за заштита од штетните ефекти на водата (поплава, ерозија, порој), со што ќе придонесат за сигурен и безбеден живот на граѓаните во Република Македонија и заштита на животната средина", како и давање препораки кои ќе бидат насочени кон зголемување на нивната ефикасност.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2015 година.

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата, даваат основа да го изразиме следниот заклучок:
Врз основа на извршената ревизија, ги утврдивме состојбите од преземените мерки и активности од страна на надлежните институции одговорни за управување со водите, односно за превенција и подготовка на реките за заштита од ефекти на водата. При тоа констатирано е дека во периодот од 2013 до 2015 година реализирани се акциони планови за чистење на каналите за одводнување и наводнување и на речните корита како дел од мерките за справување со штетните ефекти од реките. Воспоставено е следење на браните и акумулациите од аспект на нивната стабилност и сигурност, при што се укажува на потребата од санација на поголемите од нив, истовремено наведувајќи го приоритетот за санација според нивната оштетеност. Надзорот од страна на водостопанските инспектори се однесува на почитување на одредбите од законската регулатива, увид во добиените согласности и дозволи и начинот на постапување од страна на корисниците на тие дозволи, како и укажувања на низа слабости и недоречености во однос на целиот систем за управување со водите. Преземените мерки и

активности од страна на надлежните институции не секогаш обезбедуваат превенција и подготовка на реките за заштита од штетните ефекти на водата (поплава, ерозија, порој).

Постои потреба за преземање на дополнителни активности и мерки во областите предмет на ревизија, а пред се во делот на:

- имплементирање на законите во насока на нивно усогласување со европските директиви;
- донесување на стратешките документи и подзаконските акти, без кои не е можно преземање активности за подготовка на реките за заштита од ефекти на водата;
- надминување на постојните недоречености или слабости во делот на надлежностите, соработката и комуникацијата меѓу институциите вклучени во системот на управување со водите;
- подобрување на начинот на избор на каналите за одводнување и речните корита кои се опфатени со акциите за чистење;
- напуштање на воспоставениот начин на финансирање на чистењето на речните корита со нафтени деривати и целосен увид врз активностите кои се преземаат при чистењето на речните корита;
- зајакнување на контролата во областа на ископот на камен, песок и чакал;
- зголемување на свесноста од постоење и појава на ерозија и порој и преземање на поголеми мерки за намалување на соголеното земјиште;
- подобрување на наплатата на парични средства од крајните корисници по основ на користење, испуштање на вода и вадење на песок чакал и камен;
- обезбедување на доволно материјални – технички и кадровски ресурси потребни за непречено спроведување на доделените надлежности на институциите и обезбедување на континуирана превенција од ефектите на водата;
- зајакнување на државна хидролошка мрежа за мониторинг и воспоставување на локалната мрежа во насока на обезбедување на прогнози и рана најава на временски непогоди;
- обезбедување функционален систем за известување и тревожење и
- продолжување со активностите за континуирано подигнување на јавната свест кај луѓето за заштита и чување на реките и воопшто животната средина.

Периодот кој беше опфатен со ревизијата на успешност е од 2013 година до денот на изготвување на овој извештај.

Ревизорските активности беа насочени кон следните области:

- Правна и институционална рамка, стратешки документи и нивна примена;

- Уредување, одржување и управување со водотеците, акумулациите, браните и системите за одводнување;
- Финансиски, материјално - технички ресурси и човечки капацитети;
- Инспекциски надзор и
- Мониторинг, информирање и известување.

Од утврдените ризици во текот на ревизијата, произлегоа заклучоци, кои се основа за изготвување на ревизорска програма на активности. Ревизорската програма опфати активности за обезбедување на доволно релевантни докази од субјектите предмет на ревизија, врз основа на кои се сними состојбата и се донесоа заклучоци во рамките на поставените ревизорски цели.

Со извршената ревизија констатиравме одредени состојби во областите предмет на ревизија и тоа како што следува:

**Правна и институционална рамка, стратешки документи и нивна примена**

Во насока на преземање активности и мерки за управување со водите, а со тоа и воспоставување на превенција и подготовка на реките за заштита од ефектите на водата (поплави, ерозија и порој), покрај донесената законска регулатива потребно е донесување на стратешки документи и подзаконски акти кои се важни за регулирање на оваа област. Дел од овие подзаконски акти се неопходни документи за постигнување усогласеност со европската директива за проценување и намалување на ризикот од поплави во рамките на Европската Унија.
Постојат можности од унапредување на постојните институционални капацитети, како и подобрување на соработката и координацијата на активностите кои ги спроведуваат субјектите на централно, регионално и локално ниво при реализација на мерките и активностите за управување со водите, а заради обезбедување подготовка на реките за заштита од ефектите на водата.

**Уредување, одржување и управување со водотеците, акумулациите, браните, системите за одводнување**

Иако надлежните органи делумно презеле мерки за уредување, одржување и управување со водотеците, акумулациите, браните, системите за одводнување (акциони планови за чистење и уредување на речните корита, чистење на каналите за одводнување и наводнување и следење на браните и акумулациите), сепак потребни се подобрувања во: начинот на избор на каналите за одводнување и речните корита кои се опфатени со акциите, покоординирано постапување при вршењето на двете активности во насока на постигнување најголеми ефекти, напуштање на воспоставениот начин на финансирање на чистењето на речните

корита со нафтени деривати и целосен увид врз активностите кои се преземаат при чистењето на речните корита, зајакнување на контролата во областа на ископот на камен, песок и чакал, зголемување на свесноста од постоење и појава на ерозија и порој и преземање на поголеми мерки за намалување на соголеното земјиште.

**Финансиски, материјално - технички ресурси и човечки капацитети**

Постои потреба од подобрување на наплатата на парични средства од крајните корисници по основ на користење, испуштање на вода и вадење на песок чакал и камен, како и воведување на наменското користење на средствата. Недостатокот на финансиски средства, односно отсуството на Програма за управување со водите неповолно се одразува на состојбата на материјално – техничките и кадровските ресурси. Исто така, старата и нефункционална механизација, недоволниот број стручен кадар и недостатокот на обуки влијаат на непречено спроведување на доделените надлежности на институциите и не обезбедуваат континуирана превенција од ефектите на водата.

**Инспекциски надзор**

Ревизијата констатира дека спроведениот надзор од страна на водостопанските инспектори се однесува пред се на почитување на одредби од Законот за водите, увид во добиените согласности и дозволи и начинот на постапување од страна на корисниците на тие дозволи, како и укажувања на низа слабости и недоречености во однос на целиот систем за управување со водите.
Со оглед на обемноста и важноста на работата која треба да биде предмет на инспекторски надзор, укажуваме на потребата од зголемување на бројот на водостопански инспектори, со што би се подобрил и опфатот во нивниот делокруг на работа.

**Мониторинг, информирање и известување**

Слабостите во функционирањето на државна хидролошка мрежа за мониторинг и невоспоставената локална мрежа не обезбедуваат прогнози и рана најава на временски непогоди. Воспоставениот систем на информирање и отсуството на систем за известување и тревожење не обезбедуваат целосни, точни и ажурни информации поврзани со управувањето и мониторингот на водните тела, што има влијание на навременото преземање на превентивни мерки и заштита од штетните ефекти на водата од реките.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел зголемување на ефикасноста на преземените активности со цел подготовка на реките за заштита од ефекти на водата.

По Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор раководното лице Сашко Николов, градоначалник на општина Радовиш достави забелешка, истата е разгледани и констатирано е дека истата преставува известување за преземени активности на субјектот.

# I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

## 1. Вовед

### 1.1. Хидрографски податоци за Република Македонија

Република Македонија е континентална земја и има вкупна површина од 25.713 $km^2$. Според карактеристиките на релјефот претежно е планинска земја, со посебно издвоени котлини и речни долини.
Република Македонија има 4 речни слива - Вардарски, Струмички, Црн Дрим и Јужно Моравски. Најголем речен слив е Вардарскиот со површина од 20.546$km^2$, кој гравитира кон Егејското Море. Во југоисточниот дел на земјата се протега сливот на реката Струмица, притока на реката Струма во соседна Република Бугарија, зафаќа површина од 1.520$km^2$ и исто така гравитира кон Егејското море. Реката Црн Дрим истекува од Охридското Езеро на запад и овој слив се протега на површина од 3.355$km^2$, а гравитира кон Јадранското Море. Во северниот дел на државата се наоѓа најмалиот речен слив, на реката Јужна Морава, зафаќа површина од 44$km^2$и гравитира кон Црното Море.



Речни сливови и подрачја на речни сливови

Водниот потенцијал на четирите речни сливови во земјата зависи од врнежите. Просечната количина на годишни врнежи во Вардарскиот слив е 700mm, просекот за Струмичкиот слив е 790mm, додека за Црн Дрим е 980mm. Максималната количина на врнежи - 1.400mm е забележана во западниот дел од земјата, додека минималната - 380mm е евидентирана на исток.
Површинските води во Република Македонија, како што се езерата, реките, потоците и блатата - претставуваат многу важни екосистеми. Постојат околу 35 реки, 53 природни и вештачки езера и 1.100 поголеми извори на вода. Република Македонија спаѓа во областите кои имаат доволно водни ресурси, но нивната распореденост е прилично нееднаква.

## 1.2. Управување со водите во Република Македонија

Водите[1] на територија на Република Македонија, како добра од општ интерес, се во нејзина сопственост, при што начинот на нивна заштита и управување се уредени со одредбите од Законот за водите[2]. Водата не е комерцијален производ, туку наследство кое мора да биде заштитено и во случај на опасност да се брани.[3]

Водните ресурси се еден од најзначајните фактори за развојот на човештвото и економијата, бидејќи водата е есенцијална за функционирањето на секое живо суштество, растение, земјоделско производство и за многу индустриски процеси. Потенцирајќи ја нејзината важност се наметнува потребата од преземање практични, долгорочни чекори кои вклучуваат: развој на водните ресурси со задоволување на потребите на сите корисници; рационално и економично користење на водата; осигурување на добар квалитет на водата и доволна количина; заштита на водата; мерки за спречување на загадувањето; заштита и подобрување на водните екосистеми и заштита од штетните ефекти на водите.

Живееме во период на глобално затоплување. Во извештаите на Обединетите нации се вели дека просечната температура е зголемена за 1,5 степени, а научниците предвидуваат дека, до крајот на децениската истата ќе достигне просечно зголемување од околу 4 степени. Човештвото во иднина ќе се справува со ненадејни големи поплави и сушни периоди, кои може да бидат почести и поизразени. Под влијание на глобалното затоплување, се случуваат климатски промени и во Република Македонија, при што водните ресурси претставуваат

[1] Води се површинските води, вклучувајќи ги и постојаните водотеци или водотеците во коишто повремено тече вода, езерата, акумулациите, изворите и подземните води;
[2] "Службен весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/2015;
[3] Извадок од Директивата 2000/60/ЕС донесена во октомври 2000 година од стана на Европскиот парламент , наосчена кон воспоставување рамка за делување која се однесува на водната политика.

многу ранлива категорија. Без интегриран пристап за заштита и управување на водните ресурси, безбедноста и последиците за здравјето на луѓето може да бидат многу сериозни.

Нерамномерната распореденост на водотеците, климатските, топографските и други фактори влијаат Република Македонија да е изложена на висок ризик од поплави. Последните години, поплавите станаа се почеста појава поради што во периодот од 2013 до 2015 година исплатени се вкупно 318.885 илјади денари од Буџетот на Република Македонија за санирање на штетите од поплавите и тоа 69.420 илјади денари во 2013 година, 103.748 илјади денари во 2014 година и 145.717 илјади денари до месец јули 2015 година. Дополнително парични средства се исплатени и од буџетските средства на некои општините кои претрпеа штети со поплавите. Поплавите што се случија во 2015 година во тетовскиот регион однесоа човечки животи. Овие состојби влијаат на чувството на сигурност и безбедност што треба да го има секој граѓанин на државата, се одразуваат на земјоделскиот развој и одливот на буџетските средства и воедно ја загрозува животната средина.

Согласно одредбите од Законот за водите под управување со водите се подразбира преземање на мерки и активности за рационално и ефикасно користење на водите, одржлив развој на водните ресурси, заштита на водите и заштита од штетното дејство на водите. Управувањето со водите е дејност од јавен интерес во надлежност на МЖСПП, со исклучок на оние активности коишто, според Законот за водите, се во надлежност на органите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

## 1.3. Заштита од штетно дејство на реките

Заштита од штетното дејство на водите опфаќа активности и мерки за заштита и одбрана од поплави, заштита од ерозија и порои, одбрана од замрзнување на површинските водни тела, како и отстранување на последиците од штетните дејства на водите.

Според Директивата 2007/60/ЕС донесена од страна на Европскиот парламент и Советот за проценка и управување со ризиците од поплави на 23 октомври 2007 година, поплавите претставуваат природна појава која не може да се спречи. Некои човечки активности како што се пораст на населението и земјоделските добра во подрачјата подложни на поплави, намалениот простор за природно


Поплава

задржување на водата како последица на начинот на користење на земјиштето и климатските промени, влијаат на зголемување на веројатноста од појава на поплави. Во оваа директива дефинирани се термините :

- **Поплава**, како привремено покривање со вода на земја која во нормали услови не е опфатена со вода и
- Ризик од поплави, како комбинација на веројатноста од појава на поплави и можни штетни последици од поплавите за здравјето на луѓето, животната средина, културното наследство и економската активност.

**Ерозија** е процес на разрушување честици од почва, камења и други делови од подлогата под дејство на водата и ветерот, како и нивно пренесување и таложење во зарамнетите делови од релјефот.



Ерозија

Наизменичните промени на сушни периоди со поројни дождови и силни ветрови ги поттикнуваат ерозивните процеси. Климатските промени го сменија циклусот на врнежи, но и нивниот интензитет, поради што сè поприсутни се краткотрајни, но разорни дождови со голема сила. Неплодната и соголена земја не успева да ја прими нагло надојдената вода, која руши сè пред себе. Големо влијание врз појавата на ерозија има и човекот, кој со своето несоодветно однесување ги уништува и сече шумите, гради населби, патишта, мостови во подрачја склони кон ерозија, не се грижи за реките и несовесно постапува со отпадот.

Во нашата земја е доминантна водената ерозија, поточно ерозијата предизвикана од дожд и истечни води. Во централниот и источниот дел на Република Македонија почести се површинската и линиската водна ерозија, а во западниот дел преовладува лизгањето на земјиштето и распаѓање и раздробување на карпите.

**Порои** се водотеците со стрмни падови, со ненадејни и брзи води, кои носат и таложат однесени или откинати делови на земја, песок, чакал и други материјали од повисоките кон пониските места, а водите со нанос се разлеваат неконтролирано во полињата или се влеваат во природните или вештачките реципиенти.

## 2. Законска регулатива

Користењето и управувањето со водите како и преземањето на сите неопходни мерки и активности за заштита на водите и за заштита од штетното дејство од водите во Република Македонија, е уредено со повеќе законски акти меѓу кои, како најзначајни се следните:

- Закон за водите;
- Закон за животна средина;
- Закон за водостопанствата;
- Закон за управување со кризи;
- Закон за заштита и спасување;
- Закон за хидрометеоролошка дејност.

## 3. Финансиски средства за управување и развој на водите

Финансиски средства за управувањето и развој на водите се обезбедуваат од:

- надоместок за користење вода;
- надоместок за испуштање на води;
- надоместок за вадење песок, чакал и камен;
- закупнина од земјиштето во сопственост на државата дадено под закуп, а коешто во катастарот за недвижности е заведено "под води";
- Буџетот на Република Македонија;
- буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и
- други финансиски извори во согласност со закон.

## 4. Надлежни институции

Преземањето активности и мерки од превентивен и оперативен карактер, со цел подготовка на реките за заштита од ефектите на водата (поплави, ерозија и порои) се спроведуваат од страна на следните институции:

- Министерство за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина - Сектор води;
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Управа за водостопанство;
- Центар за управување со кризи;
- Дирекција за заштита и спасување;
- Единици на локална самоуправа;
- Водостопанства;
- Јавните претпријатија кои вршат водостопанска дејност;
- Државен инспекторат за животна средина и
- Управа за хидрометеоролошки работи.

### 4.1. Министерство за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина - Сектор води

Министерството за животна средина и просторно планирање (во натамошниот текст МЖСПП) како орган на државната управа, покрај останатите ги врши и работите што се однесуваат на следење на состојбата на животната средина, управување со водите, преземање и координирање активности поврзани со заштита од штетното дејство на реките и сл. Управата за животна средина е орган во состав на Министерството, каде е формиран Сектор за води, кои ги врши работите што произлегуваат од Законот за водите и Законот за животна средина.

### 4.2. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Управа за водостопанство

Управата за водостопанство е орган во состав на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст Управа). Управата ги врши работите што произлегуваат од Законот за водостопанствата и меѓу другото е одговорна за : спроведување и реализација на проекти во водостопанството, изработка на материјали кои служат како стручна основа за утврдување на политиката на развојот и за решавање на проблемите во областа на водостопанството, планирање на развојот на наводнувањето и одводнувањето, следење на изградбата и користењето на хидромелиоративните системи за наводнување и одводнување; следење на реализацијата на инвестиционата политика и извршувањето на финансиските програми во републиката од областа на водостопанството, други работи и задачи што со закон или друг акт се во надлежност на Управата.

### 4.3. Центар за управување со кризи

Системот за управување со кризи се организира и остварува заради превенција, рано предупредување и справување со кризи кои претставуваат ризик за добрата, здравјето и животот на луѓето и животните, а се настанати од природни непогоди и епидемии или други ризици и опасности кои директно го загрозуваат уставниот поредок и безбедноста на Република Македонија.

Согласно одредбите од Законот за управување со кризи во системот за управување со кризи се формира самостоен орган на државната управа, по положба и функција на дирекција, со својство на правно лице - Центар за управување со кризи (во натамошниот текст ЦУК), кој е задолжен за обезбедување на целосната организациска, административна и стручна поддршка на телата и субјектите во системот за управување со кризи.

## 4.4. Дирекција за заштита и спасување

Заштитата и спасувањето во Република Македонија се организира како единствен систем за откривање и спречување на настанувањето и отстранувањето на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи и давање помош во мир, вонредна состојба и воена состојба.
Заштитата и спасувањето претставува, поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.
Во рамки на системот за управување со кризи, а согласно одредбите од Законот за заштита и спасување, основан е самостоен орган на државната управа Дирекција за заштита и спасување (во натамошниот текст ДЗС), со својство на правно лице.

## 4.5. Единици на локална самоуправа и водостопанства

Согласно законската регулатива на единиците на локална самоуправа помеѓу другото делегирани им се значителни надлежности од областа на превенција и подготовка на реките за заштита од ефекти на водата.

Водостопанството е јавно правно лице, кое врши економично стопанисување, користење, одржување и контрола на системите (хидросистемите, системите за наводнување и системите за одводнување) заради снабдување со вода за различни потреби и одводнување на земјиште.
Со цел да обезбеди ефикасна работа на системот, да заштити или обезбеди сигурност на објектите кои припаѓаат на системот, водостопанството:

- насочува водни тела во акумулацијата или во други објекти на системот;
- гради и одржува објекти за заштита и одбрана од поплави;
- гради и одржува објекти за спречување од ерозија;
- гради и одржува објекти за регулирање на реките и пороите и
- врши други работи во согласност со закон.

Согласно Законот за водите, а поврзано со темата предмет на ревизија единиците на локална самоуправа и водостопанствата се надлежни:

- за заштита и одбрана од поплави и за заштита од друго штетно дејство на водите во подрачјето на нивно делување;
- да управуваат со брани и акумулации и со заштитни насипи, односно да ги користат и одржуваат на начин што обезбедува прифаќање на поплавните бранови, како и обезбедување на нивна заштита од елементарни непогоди;

- да вршат мониторинг на состојбата на нивото и количеството на акумулираните води во акумулациите, како и на количеството на водите што влегуваат и што се испуштаат од нив и за тоа да го известуваат МЖСПП и УХМР;
- да извршат процена за тоа дали водотеците на подрачјето под нивна надлежност се во состојба да предизвикаат поплави на земјиштето, дали обезбедуваат непречен проток на водата и дали прописите за контрола на поплави целосно се почитуваат;
- да ги определат границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија на територија под нивна надлежност и да ги утврдуваат мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите;
- да вадат песок, чакал и камен од коритата и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, заради подобрување на режимот на водите на подрачјето на своето дејствување;
- да известуваат за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на реките и
- да воспоставува, одржува и развива локални мрежи на мерни места за мониторинг на водните тела, во случај кога истите не се опфатени со мерните места од државната мрежа.

## 4.6. Државен инспекторат за животна средина

Инспекциски надзор над примената на Законот за водите и на прописите донесени врз основа на овој закон го врши Државниот инспекторат за животна средина (во натамошниот текст ДИЖС) преку водостопанските инспектори и државните инспектори за животна средина. Во вршењето инспекциски надзор од својот делокруг, меѓу другото водостопанскиот инспектор има право да изврши контрола дали:

- одводнувањето на земјиштето се спроведува согласно законските одредби;
- правните лица кои управуваат со водостопанствата ги презеле мерките и активностите потребни за заштита од штетното дејство на водите;
- се преземаат мерките за заштита и одбрана од поплави;
- правните лица кои управуваат со брани и акумулации и со заштитни насипи ги користат и одржуваат согласно со законските одредби и вршат мониторинг и известуваат;
- се спроведуваат мерки и работи за заштита на земјиштето од ерозија и уредување на пороите, врз основа на техничка документација;
- се обезбедени водната книга, евиденција на водостопанските објекти и постројки, програмата за заштита од штетно дејство на водите,

оперативните планови за заштита и одбрана од поплави, процени, договори, програми и други книги и документација на правните лица кои вршат водостопански дејности и
- други работи дефинирани со закон.

### 4.7. Управа за хидрометеоролошки работи

Управата за хидрометеоролошки работи (во натамошниот текст УХМР) е орган на државната управа во состав на МЗШВ со својство на правно лице, надлежно за вршење на работите од областа на хидрометеоролошката дејност.
Хидрометеоролошката дејност опфаќа: координација, комуникација и соработка во навременото известување при вршење на хидрометеоролошко бдеење и истражување со државните субјекти одговорни за превенција, рано предупредување, справување и управување со кризи на државно и локално ниво, навремено информирање за времето, климата и водите за потребите на одржливиот развој, со цел намалување на загубите на луѓе и материјални добра предизвикани од временски непогоди и други катастрофални настани и економски придобивки на државата.

## II. ЦЕЛИ, ОПФАТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА РЕВИЗИЈА

### 1. Цели на ревизијата

1.1. Целта на ревизијата на успешност е:
- да се даде оценка за ефикасноста на мерките/активностите преземени од страна на надлежните институции во насока да обезбедат превенција и подготовка на реките за заштита од штетните ефекти на водата (поплава, ерозија, порој), со што ќе придонесат за сигурен и безбеден живот на граѓаните во Република Македонија и заштита на животната средина;
- идентификување на клучните фактори кои влијаат на ефикасноста на мерките/активностите и
- давање препораки за подобрување на превенцијата и подготовката на реките за заштита од штетните ефекти на водата.

Ефектите од мерките и активностите кои се преземени и ќе бидат преземени во наредниот период, по дадените препораки од страна на ревизијата меѓу другото треба да обезбедат: донесување и имплементација на стратешки документи, подзаконски акти и нивно усогласување со европската регулатива, подобрување на институционалната поставеност, подобрување на финансиските, материјално – техничките и кадровските капацитети со кои

располагаат надлежните институции во спроведувањето на превенцијата и заштитата од штетените ефекти на водата од реките, подобрување во начинот на мониторингот на водните тела и навремено информирање, известување и тревожење, навремено преземање мерки за справување со поплави, ерозии и порој, ублажување на последиците од поплави, ерозии и порој, подигнување на јавната свест и совест во поглед на грижата и заштитата на животната средина и обезбедување на посигурен и побезбеден живот на граѓаните во Република Македонија од аспект на заканите од водите.

1.2. Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2015 година на тема: "Ефикасност на преземените активности од страна на надлежните институции со цел подготовка на реките за заштита од ефекти на водата" со цел дадеме одговор на прашањето:
„дали мерките/активностите преземени од страна на надлежните институции обезбедуваат превенција и подготовка на реките за заштита од штетните ефекти на водата (поплава, ерозија, порој), со што ќе придонесат за сигурен и безбеден живот на граѓаните во Република Македонија и заштита на животната средина?"

1.4. Ревизорските активности кои ревизорскиот тим ги спроведе во субјектите опфатени со ревизијата беа насочени кон повеќе области и тоа како што следува:
- Правна и институционална рамка, стратешки документи и нивна примена;
- Уредување, одржување и управување со водотеците, акумулациите, браните, системите за одводнување;
- Финансиски, материјално - технички ресурси и човечки капацитети;
- Инспекциски надзор и
- Мониторинг, информирање и известување.

## 2. Опфат на ревизија

2.1. Со ревизијата на успешност беа опфатени следните субјекти:
- Министерство за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина - Сектор води;
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Управа за водостопанство;
- Министерство за финансии;
- Центар за управување со кризи;
- Дирекција за заштита и спасување;

- Општини: Штип, Битола, Тетово, Новаци, Радовиш, Прилеп и Струмица;
- Водостопанства: Битолско Поле – Битола, Полог – Гостивар, Брегалница – Кочани, Радовишко поле – Радовиш, Прилепско поле – Прилеп, Струмичко Поле – Струмица и Тиквеш – Кавадарци;
- Јавно претпријатие за водостопанство Лисиче – Велес;
- Јавно претпријатие Стрежево – Битола;
- Државен инспекторат за животна средина;
- Државен инспекторат за земјоделство и
- Управа за хидрометеоролошки работи.

2.2. Со ревизијата на успешност го опфативме период започнувајќи од 2013 година до денот на изготвување на овој извештај.

3. Методологија

3.1. Ревизијата на успешност е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на ВРИ (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во РМ при вршењето на државната ревизија.

3.2. Ревизијата на успешност е независно испитување на ефикасноста и ефективноста на владините активности, програми или организации, со оправдана почит кон економијата и целта која води кон подобрувања.

3.3. Оваа ревизијата на успешност преставува објективна и систематска проверка на докази со цел обезбедување на независна проценка на ефикасноста на активностите преземени од страна на надлежните институции со цел подготовка на реките за заштита од ефекти на водата.

3.4. Заклучоците од оваа ревизија на успешност ќе придонесат за зголемување на ефикасноста и ефективноста на мерките и активностите во областа на превенцијата и подготовката на реките за заштита од ефекти на водата (поплави, ерозија и порој), како и давање препораки кои ќе бидат насочени кон подобро управување со водите, ќе придонесат за посигурен и побезбеден живот на граѓаните во Република Македонија и поголема заштита на животната средина.

3.5. Кај оваа ревизија на успешност го следевме пристапот насочен кон резултатите - анализа и испитување на законски, подзаконски акти, стратешки документи, програми, планови, заклучоци/записници, извештаи и други акти во однос на економичноста, ефикасноста и ефективноста поврзувајќи ги со ревизорските критериуми. Утврдените состојби се дефинирани како отстапувања од поставените критериуми односно се дава

одговор до каде е реализацијата на програмите/проектите и дали целите се исполнети.

Ревизорскиот пристап ја утврдува природата на ревизијата која треба да се направи, дефинирајќи ги потребното знаење, информации и податоци кои треба да се обезбедат и анализираат, како и ревизорските постапки кои треба да се спроведат.

3.6. Со цел добивање на релевантни и доволни ревизорски докази кои водат кон ревизорските наоди, заклучоци и препораки, користени се следните техники:
- проучување на законската регулатива од областа предмет на ревизија;
- разговори/интервјуа со лица релевантни за темата на ревизијата;
- истражување со прашалници;
- проверка на документација;
- физичко набљудување/фотографирање;
- анализа на податоци и
- интернет истражување.

3.7. Ревизијата на успешност е извршена во периодот од 08.06.2015 до 06.10.2015 година, од тим на Државниот завод за ревизија во состав:
- м-р Максим Ацевски - помошник главен државен ревизор и ОДР;
- Бранислав Гулев - раководител на ревизија и ОДР;
- Росица Шалевиќ - Христовска - самостоен ревизор и ОДР;
- м-р Сашо Матески - ревизор и ОДР и
- Јулија Таковска - помлад ревизор и ОДР.

3.8. Резултатите од спроведената ревизија на успешност беа презентирани на завршен состанок на ден 27.11.2015 година.

3.9. По спроведеното прелиминарно истражување како значајни области и ризици ги утврдивме следните:

### Област 1 – Правна и институционална рамка, стратешки документи и нивна примена

Ризик од нивото/степенот на примена на одредбите од Европската директива за поплави во националното законодавство, законската регулатива, како и отсуство на подзаконски акти и стратешки документи, кои треба да бидат основ за уредување на превенцијата и заштита од штетните ефекти на водата од реките (поплави, ерозија и порој).

**Област 2 - Уредување, одржување и управување со водотеците, акумулациите, браните, системите за одводнување**

Ризик дека преземените активности за чистење на речните корита не се во согласност со донесената процедура за реализација на оваа активност, земајќи го во предвид и отсуството на критериуми при изборот на локација на која ќе се врши чистењето.

Ризик од начинот на практикување на критериумите при изборот на канали од системот за одводнување, кои се опфатени со активностите за чистење спроведени од страна на надлежните институции спроведени во периодот 2013 – 2015 година.

Постои ризик од недоволно преземени активности за континуирано одржување на браните во Република Македонија.

Ризик од невоспоставени испратници и регистар на издадени и заверени испратници од страна на МЖСПП, при пуштање во промет на материјалот кој е отстранет од коритата и бреговите од страна на носителите на дозволи за регулација на речните корита.

Постои ризик дека надлежните институции не ги одредиле границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија, не ги пропишале мерките за заштита на ерозивно подрачје и не ги определиле работите за уредување на пороите.

**Област 3 - Финансиските, материјално – техничките ресурси и човечките капацитети**

Ризик од нецелосна наплата на приходи по основ на користење, испуштање на вода и вадење на песок, чакал и камен и отсуството на Програма за управување со водите.

Механизацијата со која располагаат институции надлежни за превенција и подготовка на реките е недоволна, стара и неупотреблива, со што се доведува во прашање начинот и квалитетот на воспоставување превенција и заштита од штетните ефекти на водата.

Постои ризик од недоволна и несоодветна кадровска екипираност на организационите единици во Управата за животна средина – Сектор води, општините и водостопанските претпријатија.

**Област 4 - Инспекциски надзор**

Постои ризик од недоволна опфатност на извршените инспекциски надзори од страна на водостопанските инспектори и овластените инспектори за животна средина на општините.

**Област 5 - Мониторинг, информирање и известување**

Ризик од нецелосно воспоставена државната и локална мрежа за мониторинг на водите, како и отсуство на програми за мониторинг, поради што не е можно континуирано следење на состојбата со водите и ненавремено преземање мерки за заштита во случај на опасност.

Ризик и слабости во начинот на информирање од аспект на сеопфатност, навременост и ажурност.

Ризик од непостоење на систем за известување и тревожење.

## III. РЕВИЗОРСКИ НАОДИ

Како резултат на извршената ревизија на успешност, за добивање одговор на поставената цел, констатиравме одредени состојби и слабости во горе наведените ризични области.

### 1. Правна и институционална рамка, стратешки документи и нивна примена

### 1.1. Усогласеност со европските директиви

Меѓу приоритетните цели на Република Македонија е и нејзино пристапување и членство во Европската унија. Во насока на остварување на оваа цел, Република Македонија треба да го прифати правото на Европската унија. Оваа констатација важи и за законодавството поврзано со управувањето со водите, заштитата на животната средина и регионалниот развој.

Рамковната директива за води ги поставува насоките за политиката за вода во Европа. Со Директивата 2000/60/ЕС на Европскиот парламент и Советот донесена на 23 октомври 2000 година, создадена е рамка за дејствување на Заедницата во областа на заштита и управување со водите. Директивата предвидува, меѓу другото и идентификување на Европските води и нивните карактеристики врз основа на

индивидуалните подрачја на речениот слив, како и усвојување на планови за управување и програми на соодветни мерки за секое водно тело. Со оваа Директива се обезбедува рамка за управување со копнените површински води, подземните води, преодните води и крајбрежните води, со цел да се спречи и да се намали нивното загадувањето, да се промовира принципот на одржливото користење на водите, да се заштити животната средина во водата, да се подобри состојбата на водните екосистеми и да се ублажат ефектите од поплави и суши.

На 23 октомври 2007 година, од страна на Европскиот парламент и Советот донесена е Директивата 2007/60/ЕС, со цел да се утврди заедничка рамка за проценување и намалување на ризикот од поплави во рамките на Европската Унија. Директивата обезбедува рамка за проценка на ризикот од поплави во речните сливови, мапирање на ризикот од поплави во сите региони каде што постои сериозен ризик од поплави и изготвување на планови за управување со ризикот од поплави. Таа ги опфаќа сите видови на поплави и оние по должината на реките и кај крајбрежните области. Освен тоа, постојат и други ризици, како урбана поплава и поплави од одводните води (канализација), кои исто така треба да бидат земени во предвид.
Ревизијата констатира дека се направени одредени чекори кон усогласување со наведените европски директиви, пред се во однос на донесената законска регулатива, но се уште постојат многубројни подзаконски акти и прописи (Прелиминарна процена на ризици, карти за загрозеност од поплава и карти за ризик од поплава, План за управување со ризици), кои треба да се изготват и донесат. Сето тоа влијае на одложување на примената на законските решенија и забавено темпо на нивна имплементација. Оваа состојба влијае на ефикасноста во управувањето со водите, но и на навремено остварување на стратешките приоритети и цели утврдени од Владата на Република Македонија.

### 1.2. Правна рамка

Со извршената анализа и испитување на законските и подзаконските акти, стратешките документи, програми, планови, заклучоци/записници, извештаи и други акти, ревизијата констатира дека, донесената законска регулатива е доста обемна и комплексна и во истата се разработени прашања кои се однесуваат на управувањето со водите и заштита од штетните ефекти на реките. Иако законите се донесени, сепак при нивната примена забележани се слабости во делот на стратешките документи и подзаконски акти.

### 1.2.1. Стратешки документи

Основни документи за планирање и развој на управувањето со води во Република Македонија се:

- Националната стратегија за води;
- Водостопанската основа на Република Македонија и
- Планови за управување со речни сливови.

**Националната стратегија за води** која се изготвува за период од 30 години (2012 – 2042) претставува долгорочна политика од аспект на развој на водите, рационално и економично користење на водите, заштита на водите и заштита и ублажување на последиците од штетното дејство на водите и недостигот од вода. Националната стратегија за води на Република Македонија е донесена во октомври 2012 година од страна на Собранието на Република Македонија. Од интервјуата спроведени во извршувањето на ревизијата на успешност констатиравме дека, Националната стратегија за води (2012 – 2042) изобилува со податоци и информации, дава насоки во однос на имплементацијата на директивите на Европскиот парламент во националното законодавство, дава препораки за остварување на целите за развој, управување и заштита на водите и од водите, дава преглед на мерки и активности за постигнување на целите без притоа истите да се систематизирани за конкретни носители и утврдување на соодветна временска рамка за постапување.
Ревизијата констатира дека се уште не се донесени документите : Водостопанска основа на Република Македонија (во натамошниот текст: Водостопанска основа) и Планови за управување со речени сливови.

**Водостопанската основа** ја донесува Собранието на Република Македонија, на предлог на Владата на Република Македонија, а ја изготвува МЖСПП за период од 20 години. Целта на водостопанската основа е интегрирано планирање и спроведување на програмите и мерките за развојот на водите во согласност со целите на националниот одржлив развој и усогласување на економскиот развој, социјалниот напредок и заштитата на животната средина, како и реализација на Националната стратегија. Важноста на овој документ уште повеќе доаѓа до израз, имајќи во предвид дека Водостопанската основа треба да биде усогласена со Просторниот план на Република Македонија и Плановите за управување со речни сливови. Исто така, при изготвување на долгорочните плански документи со кои се уредува развојот на одделни стопански гранки во Република Македонија, искористувањето на природните ресурси, издавање на водостопанска согласност (за изградба, реконструкција или доградба на објекти и постројки) задолжително треба да се врши усогласување со Водостопанската основа.
Во разговор со надлежните лица добиена е информација дека за различни потреби, се уште се користи Водостопанската основа донесена во 1973 година, која

претставува документ со измината важност, донесена врз основа на важечките закони во тој период. Од нивните укажувања добиено е сознание дека се преземаат активности во иднина да се напушти концептот на водостопанска основа која ќе биде заменета со Планови за управување со речни сливови.

**Плановите за управување со речни сливови** ги носи Владата на Република Македонија на предлог на МЖСПП за период од шест години. Од добиените одговори во прашалникот и спроведените интервјуа дојдовме до сознанија дека изработени се планови за управување со речен слив на река Струмица и река Брегалница како подслив на реката Вардар, кои се во предлог верзија и се уште не се официјално донесени.
Наведената состојба не е во согласност со одредбите од Законот за водите и не овозможува планирање и спроведување на програмите и мерките за развојот на водите, реализација на Националната стратегија и може да има негативно влијае врз заштитата на животната средина.

### 1.2.2. Подзаконски акти

Од спроведената анализа на законските акти како и одговорените прашалници од надлежните органи и правни лица опфатени со ревизијата утврдено е дека постојат отстапувања во однос на примената на законската регулатива, поради што не се донесени следните подзаконски акти и други важни документи:

- Програма на мерки за постигнување на целите на животната средина која е составен дел на планот за управување со речен слив и има за цел постигнување на целите дефинирани во планот кои пред се однесуваат на заштита на животната средина во целина. Оваа програма треба да ја донесе Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за животната средина и просторно планирање, за секое подрачје на речен слив на територија на Република Македонија и е уредено со одредбите на член 73 од Законот за водите;
- Програма за заштита од штетно дејство на водите во рамките на соодветниот речен слив, како составен дел на Плановите за управување со речен слив со цел предвидување на мерки и активности за заштита и одбрана од штетните дејства на водите (поплави, заштита од ерозија и порои, одбрана од замрзнување на површинските водни тела, како и отстранување на последиците од таквите штетни дејства на водите). Оваа програма треба да ја донесе МЖСПП во соработка со МЗШВ и е уредено со одредбите на член 124 од Законот за водите. Кон ова се надоврзува и фактот што Програми за заштита од штетно дејство на водите немаат донесено ниту општините за урбаните подрачја (со исклучок на една општина), ниту

водостопанствата за подрачјата на своето дејствување (со исклучок на едно водостопанство). Согласно законските одредби, МЖСПП при изработката на Програмата за заштита од штетно дејство на водите во рамките на соодветниот речен слив, би требало да ги користи податоци од програмите донесени од страна на советите на општините, односно водостопанствата;

- Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја, чија цел е конкретно спроведување на Програмата за заштита од штетно дејство на водите. Овој план треба да го донесе МЖСПП и треба да содржи топографски, хидролошки, хидротехнички, демографски, стопански и други подлоги и податоци, граници на загрозеното подрачје, работи и мерки што се преземаат и извршуваат пред опасноста и за време на одбраната од поплави и органи надлежни за заштита и одбрана од поплави а е уредено со одредбите на член 126 од Законот за водите. Оперативни планови за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја имаат обврска да донесат и општините и водостопанствата за подрачјето на своето делување. Од обезбедените докази и извршените анализи, констатиравме дека дел од субјектите опфатени со ревизијата на успешност (шест општини и две водостопанства) немаат донесено ваков акт.
- Министерот за животна средина и просторно планирање, во согласност со повеќе министри од други органи на управа не утврдиле: список и картографски приказ на плавените рамнини на различни водни системи; карта на подрачја со ризик од поплави; простирање на поплавните бранови и највисоките нивоа на езерата и акумулациите; систем за прогноза и предупредување за поплави; мерките за заштита и развој на наведените ризични подрачја; техничка помош и совети за сите прашања поврзани со спроведувањето на превентивни и санациони мерки за ублажување на последиците во случај на поплава; мерки за вонредни состојби и нивната организација и означување на областите за контрола на поплави;
- Министерот за животна средина и просторно планирање не го пропишал актот за дефинирање на условите кои треба да ги исполнува правното лице надлежно за вршење на привремена принудна управа. Правно лице овластено од МЖСПП, донесува решение за ставање на дозволата под привремена принудна управа во случај кога носителот на дозволата не ја врши дејноста согласно со условите утврдени со истата, односно врши битна и континуирана повреда на условите за вршење на дејноста од јавен интерес утврдени во дозволата;
- Градоначалниците на општините не доставиле предлог до советот на општините, а по претходно добиена согласност од МЖСПП (со исклучок на една општина која има поднесено барање до МЖСПП за добивање согласност) за определување на ширината на крајбрежниот појас во

населените места. Оваа состојба не е во согласност со член 131 од Законот за водите и претставува ризик за заштитата и одржувањето на природните и уредените речни корита[4] и бреговите на водотеците.

- Надлежните лица во општините опфатени со ревизијата немаат донесено Програма за ревитализација на општината по елиминирање на кризата, што не е во согласност со член 5 од Закон за управување со кризи;

Отсуството на наведените подзаконски акти, кои по својата важност претставуваат основа за воспоставување систем на управување со реките, претставува ризик одредени активности од областа на превенцијата и заштитата од штетните ефекти на реките да не бидат целосно уредени и имплементирани.

## 1.3. Институционални капацитети

Со донесување на Законот за водите во 2008 година, управувањето со водите е во надлежност на МЖСПП. За управување со водите во министерството воспоставена е организациона единица на ниво на сектор - Сектор за води. Секторот е во состав на Управата за животна средина, која е орган во состав на МЖСПП, без својство на правно лице. Наведената констатација упатува дека хиерархиската поставеност на наведениот сектор не соодвествува со надлежностите кои му се доделени согласно закон.

Управувањето со водите, претставува низа на заеднички меѓусебно поврзани активности, како на вертикално така и на хоризонтално ниво, поради што голем број на активности што се извршуваат од една институција во исто време имаат допирни точки со активностите на друга институција. Имено, во периодот од 2013 до 2015 година, од страна на МЗШВ преземени се активности за чистење на каналите за наводнување и одводнување, додека координацијата на активностите за чистење на речните корита се врши од страна на МЖСПП. И двете активности претставуваат мерки со посебна важност во превенцијата од штетните ефекти на водата од реките и само со нивна добра координација и институционална соработка може да се постигнат најдобри резултати во заштитата. Со извршување на ревизијата на успешност, утврдено е дека поради некоординирано постапување се случува исчистените одводните канали, наместо вишокот вода да ја носат во реката, водата од реката преку нив се враќа назад, се излева и ги поплавува земјоделските површини. Основна причина за оваа состојба е вишокот на нанос во

[4] корито на регулиран водотек е просторот меѓу крајбрежните објекти (насипи, кејови и друго) во кој постојано или повремено тече вода, додека корито на природен водотек е просторот меѓу границите на допирањето на педесетгодишната вода.

речното корито кое придонесува нивото на водата во коритото да е повисоко поставено во однос на каналите за одводнување.

Согласно член 146 од Законот за водите МЖСПП е одговорно за целокупниот мониторинг на водните тела опфатени со државната мрежа, како и за реализација, работење, одржување и развој на државната мрежа. Од друга страна, согласно член 7 од Законот за хидрометеоролошка дејност, работите на развојот и на функционирањето на хидрометеоролошкото бдеење се во надлежност на УХМР, која претставува орган во состав на МЗШВ со својство на правно лице. Работите за кои УХМР е одговорна меѓу другото опфаќаат: утврдување и воспоставување државна хидрометеоролошка мрежа и изградба, опремување, одржување, работа, заштита и развој на државната хидрометеоролошка мрежа. Оваа состојба упатува на постоење на обврски и надлежности од ист вид кај две институции, што претставува ризик за нивното навремено и целосно исполнување.

Слабостите во институционалната рамка поврзана со управувањето на водите се забележливи и преку територијалната поставеност на водостопанствата и општините. Имајќи во предвид дека за поголем дел од територијата на западна Македонија (Кичево, Дебар, Охрид, Струга, Македонски Брод, Ресен) не постои правно лице кое ќе врши водостопанска дејност, ревизијата утврди дека МЖСПП, не го искористило своето законско право да одреди и назначи водостопанство, кое ќе биде надлежно за заштита и одбрана од поплави и за заштита од друго штетно дејство на водите за наведените подрачја. Поради тоа, во овие подрачја работата на водостопанствата ја извршуваат општините, иако истото не е во нивна надлежност.

Надлежните лица вработени во општините и водостопанствата укажаа на постоење на дивоградби во непосредна близина на речното корито или во самото корито. Со донесување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, дадена е можност правен статус да добијат и бесправно изградени објекти, кои иако со местоположбата претставуваат ризик за луѓето, животните и околината во случај кога водата во реките надоаѓа.

Со ревизијата утврдивме потреба од подобрување на воспоставената институционална рамка, која меѓу другото има обврска да донесе низа подзаконски акти, усогласени со европските директиви. Оваа институционална рамка, составена од органите на државната управа, треба да има за цел преку меѓусебна соработка да создаде услови за воспоставување на ефикасен механизам за управување со водите, кој понатаму треба да се реализира и имплементира во пракса.

Со ревизијата е констатирано дека, досегашната изградена и воспоставена институционална структура не овозможила во Република Македонија да се формира Националниот совет за води и Совети за управување со подрачјето на речните сливови што е уредено со одредбите наведени во глава 11 точка 1 и 3 од Законот за водите. Националниот совет за води треба да се основа заради разгледување на прашањата за управување со водите, усогласување и координирање на различните потреби и интереси, како и заради предлагање на различни мерки за зачувување, заштита и постојано подобрување на режимот на водите на територијата на Република Македонија. До 2013 година постоело вакво советодавно тело, но по истекот на неговиот мандат, не било формирано ново. Совети за управување со подрачјето на речните сливови претставуваат тела формирани од страна на Владата на Република Македонија на предлог на МЖСПП, заради изработување и следење на спроведувањето на Плановите за управување со речените сливови, како и заради давање на мислења и предлози околу приоритетите на управувањето со водите.

Ревизијата утврди дека постојат можности од подобрување на постојните институционални капацитети, како и обезбедување дополнителна активности за развој и унапредување на начинот на управувањето со водите.

## 2. Уредување, одржување и управување со водотеците, акумулациите, браните, системите за одводнување

### 2.1. Акционен план за чистење на речните корита

Една од активностите кои се преземаат со цел подготовка на реките за заштита од ефекти на водите е спроведување на акциони планови за чистење и уредување на речните корита на територијата на Република Македонија. Во изминатиот период донесен е Акционен план за 2013 година, кој се реализирал во 2014 година, а во периодот на вршење на ревизијата отпочнати се активности за реализирање на Акциониот план за 2015 година. Имено за спроведување на Акциониот план за 2013 година согласно Заклучок[5] и Одлука[6] на Владата на Република Македонија, Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати му преотстапила на МЖСПП 400.000 литри Еуродизел БС гориво. Преотстапената нафта, МЖСПП ја распределува до единиците на локална самоуправа и водостопанствата, кои имаат обврска да го спроведат чистењето на речните корита.

[5] Заклучок на Влада на РМ бр. 41-5743/1 од 27.08.2013 година;
[6] Одлука на Влада на РМ бр.41-6189/1 од 03.09.2013 година.

Со извршениот увид во приложената документација од страна на МЖСПП и на дел од корисниците на нафтените деривати опфатени со ревизијата на успешност (четири единици на локална самоуправа и пет водостопанства), која се однесува на спроведувањето на Акциониот план за 2013 година ревизијата ги констатира следниве состојби (Прилог бр.1) :

- Утврдени се неусогласености меѓу документите согласно кои се врши преотстапување на нафтата. Имено, во Одлуката на Владата на Република Македонија се наведува дека нафтата се преотстапува без надоместок, освен транспортните и манипулативните трошоци, додека пак во заклучокот на Владата на Република Македонија се задолжува МЖСПП да изнајде финансиски средства за плаќање на акциза и ДДВ за предвидените количини на нафта;
- Изготвена е процедура за реализација на Акциониот план со која се утврдуваат начинот и постапката за неговото спроведување. Процедурата не е одобрена од раководниот орган и архивски не е заверена, поради што истата не претставува официјален документ, што создава ризик од невоедначено постапување при реализирање на предвидените активности;
- Единиците на локална самоуправа и водостопанствата во Барањата за одобрување на нафтени деривати кои ги доставуваат до МЖСПП помеѓу другото ја наведуваат и локацијата каде ќе се извршуваат предвидените активности. Во прилог на овие барања не се доставени стручни анализи или елаборати со кои ќе се поткрепи изборот на локацијата каде ќе се чистат речните коритата, поради што се доведува во прашање неговата оправданост;
- При вршење на мониторинг на активностите на терен не е предвидено учество на водостопански инспектор, во чиј делокруг на надлежности помеѓу другото пропишани се вршење на контрола и утврдување на општото користење на водите, дали се преземаат мерки за заштита и одбрана од поплави и дали се обезбедува непречен проток на водотеци. Исто така, на ревизијата не и беше презентиран доказ дека, овластени претставници на МЖСПП извршиле мониторинг на активностите на терен, што не е во согласност со член 10 од склучените договори за доделување на нафтени деривати;
- МЖСПП склучува договори за доделување на нафтени деривати со единиците на локална самоуправа и водостопанствата, кои се вклучени во чистењето на речните корита. Согласно овие договори, корисникот на нафтените деривати треба да одреди изведувач на работите и надзорен орган. Изведувачот на работите за извршените активности, обврзан е секојдневно да води градежен дневник и градежна книга, кои треба да бидат потврдени од надзорниот инженер и изведувачот на работите, а времените

авторизирани ситуации задолжително треба да се доставуваат до МЖСПП. Со увид во склучените договори и исполнувањето на обврските кои произлегуваат од нив утврдивме дека, 28 од вкупно 47 корисници на нафтените деривати не доставиле заверени (потврдени) времени ситуации, кои ја содржат неопходната поткрепувачка документација за извршените работи. Од оние корисници кои доставиле документација, кај 12 истата не е целосна и со неа не е можно да се потврдат извршените работи, додека 7 корисници на нафтени деривати постапиле по барањата утврдени во одредбите на склучените договори. Утврдената состојба не е во согласност со член 9 од склучените договори;

- Со извршениот увид во договорите за јавна набавка на работи во делот на начин на плаќање, услови и рокови на плаќање утврдени се најразлични одредби кои упатуваат на плаќање во натура и тоа:
    - „плаќањето на земјените работи ќе се изврши со гориво, кое е добиено од Министерството за животна средина и просторно планирање, за чистење и оформување на речно корито на река ......";
    - „плаќањето на обврската вредноста на извршената услуга да ја плаќа со соодветна количина на нафта кој е наменета за вакви услуги";
    - „плаќањето на работите ќе се изврши со гориво, кое е добиено од Министерството за животна средина и просторно планирање, за извршување на санација на одбранбените насипи на река ....."и
    - слични одредби.
- Дел од корисниците (три единици на локална самоуправа), добиените нафтените деривати ги преотстапиле на изведувачите на работите, без да спроведат соодветна постапка за јавна набавка за избор на изведувач. Како изведувачи на работите се јавуваат јавните комунални претпријатија формирани на територија на единицата на локална самоуправа или пак останати правни и физички лица со кои се склучува договор. Оваа состојба придонесува за намалување на конкуренцијата и транспарентноста при избор на изведувач на работите, и истата претставува можен ризик за рационалното и ефикасното искористување на нафтените деривати;
- Дел од корисниците (три единици на локална самоуправа и едно водостопанство), не доставија доказ дека ги воведе преотстапените нафтени деривати во сметководствена евиденција. Оваа состојба не е во согласност со Законот за сметководство на буџетот и буџетските корисници и Законот за трговските друштва и ја ограничува можноста за целосна и точна контрола на начинот, динамиката и целта за која се користат нафтените деривати;
- Дел од корисниците не доставија доказ за дадено овластување на вработени лица за прием на нафтата и за назначени надзорни инженери за вршење надзор над работите поврзани со чистење на речните корита;

- Кај еден корисник, ревизијата констатира дека поткрепувачката документација која се однесува на активностите поврзани со акциониот план за 2013 година е одземена од страна на друг надлежен орган и е предмет на истражна постапка;
- МЖСПП до Владата на Република Македонија доставило периодични информации за прогресот на извршените активности предвидени со Акциониот план за чистење и уредување на речните корита за 2013 година, но не изготвило конечен извештај во кој ќе бидат сумирани размерот на извршените работи на терен, ефектите од извршените активности и точната количина потрошени нафтени деривати.

Неоспорувајќи ги мерките и активностите кои се преземаат од надлежните органи за чистење на речните корита и поддршката која им се дава на единиците за локална самоуправа преку доделување на нафтени деривати, ревизијата укажува на: несоодветност на практикување на плаќање на извршените работи во натура (нафтени деривати), бидејќи истото не е во согласност со одредбите на Законот за платниот промет, Законот за јавни набавки и Законот за енергетика и потребата од преиспитување на воспоставената пракса на доделување на нафтени деривати и подмирување на извршените работи во натура, освен во случаите кога единиците на локална самоуправа нафтените деривати ги користат за сопствената механизација. Исто така, нецелосно воспоставената контрола од страна на МЖСПП во делот на користење на нафтените деривати и отсуството на целосна и точна документација кај корисниците на истата, претставува ризик за нерационално користење на нафтата и неефикасно спроведување на акциониот план.

### 2.2. Акционен план за чистење на каналите за одводнување и наводнување

Систем за наводнување и одводнување (хидромелиоративен систем) е хидротехничка или организационо - техничка целина, што се состои од водостопански објекти и постројки за обезбедување и за доведување вода за наводнување на земјоделско и на друго земјиште (систем за наводнување) и објекти и постројки за прифаќање на вишокот површински, подземни и други води и нивно одведување во реципиентот (систем за одводнување). Со системот за одводнување се врши одводнување на земјиште, патишта и урбанизирани зони, како една од мерките за превенција и заштита од штетните ефекти на водата од реките. Системите за одводнување опфаќаат заштитни насипи, канали и пумпни станици со придружна инфраструктура - патишта, згради и земјиштето под и во непосредна близина на хидротехничките објекти.

Стопанисувањето, користењето, функционирањето и одржувањето на хидросистемите го вршат водостопанствата согласно Законот за водостопанствата.

Со вршењето на ревизијата констатиравме дека, ликвидноста и солвентноста на водостопанствата незадоволува поради нецелосната наплата на надоместоци по основ на дадени услуги за снабдување и одведување на вода. Одговорите содржани во прашалниците укажуваат дека, во најголем број случаи поради наведената состојба водостопанствата не се во можност да ги одржуваат објектите во системот за одводнување ниту пак да вложуваат средства за нивно модернизирање. Тие не се во можност ниту да насочат водни тела во акумулацијата или во други објекти на системот, да градат и одржуваат објекти за заштита и одбрана од поплави, да спречат ерозија, регулираат реки и порои.



Поплавено земјиште поради неисчистени канали за одводнување

Во 2013 и 2014 година од страна на МЗШВ изработени се акциони планови за чистење на каналите за одводнување и наводнување. Со акцијата спроведена во 2013 година, биле опфатени 27 канали за одводнување и наводнување од 19 општини, со вкупна должина од 119.731 m. за што биле потрошени 40.317 илјади денари. Средствата биле обезбедени од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година. Процесот на чистење се одвивал во периодот од средината на август до средината на месец декември 2013 година.

Со акцискиот план во 2014 година првично било планирано да се исчистат 31 канал (147.067m) и истиот требал да се реализира на сличен начин како претходната година. Поради лошата финансиска состојба на водостопанствата и постоењето на тешкотиите при спроведувањето на постапката за избор на



Чистење на канали за одводнување

изведувач конечната состојба на опфатот со акциониот план бил 28 канали, со вкупна должина од 142.051m. Со активноста биле опфатени 11 општини, а биле обезбедени 95.945 илјади денари и истите започнале да се реализираат во ноември 2014 година.

Изборот на канали за чистење се врши врз основа на приоритетна листа доставена од водостопанствата, за потоа повторно МЗШВ да направи селекција според тоа кои од каналите се во најкритична состојба, а во зависност од обезбедените финансиски средства за таа цел. Од доставената документација, ревизијата не беше во можност да се увери во начинот на избор на каналите за одводнување кои ќе бидат опфатени со акцијата за чистење, а со тоа и да потврди дека со чистењето на избраните канали била постигната најголема ефикасност за работа на системите и нивна заштита и сигурност. Спроведувањето на овие активности не дава резултати на долг рок, бидејќи чистењето на каналите треба да биде континуиран процес, а не нешто што ќе се повторува после повеќе години. Бидејќи финансиската состојба не овозможува сите канали за одводнување да се чистат секоја година, како би имале најефикасни резултати во однос на превенцијата и заштитата на земјиштето, потребно е надлежните органи да направат анализа и да ја преиспитаат можноста од набавка на механизација и опрема за чистење на канали наместо спроведување активности од страна на изведувачи кои даваат резултати на кус рок.

### 2.3. Одржување и санација на брани

Нееднаквата распространетост на површинските води во Република Македонија претставува пречка за оптимално користење на водните ресурси, поради што изградбата на брани[7] и формирањето на акумулации претставува решение за полесно управување со водите. Важноста и неопходноста од постоење на брани и акумулации пред сè се гледа од нивната употреба во обезбедување на заштита од поплава, производство на електрична енергија, наводнување и снабдување со вода. Една од најважните мерки за превенција и заштита од штетните ефекти на водата од реките е градењето на брани и формирањето акумулации. Браните претставуваат градежни објекти со најголема потенцијална опасност за околината, во случај на нивно евентуално уривање или празнење на езерото, кое би резултирало во голем поплавен бран. Овој бран би имал поголема разорна моќ од било која природна поплава, што би довело до катастрофални последици, човечки жртви и материјални штети, што ја наметнува потребата од нивен постојан мониторинг и одржување.

[7] Брана е хидротехнички објект со кој се задржува водата со цел да се создаде постојана или времена акумулација на вода.

Република Македонија има 23 големи и повеќе од 120 мали брани и акумулации [8]. Поголемиот дел на браните, односно 17 брани се во сливот на реката Вардар, 4 брани се во сливот на реката Црн Дрим и 2 брани во сливот на реката Струмица.



Преливна шахта на брана Мантово во Радовиш



Брана Прилеп во Прилеп

Согласно одредбите од Законот за води водостопанството и другите правни лица, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје кои управуваат со брани и акумулации и со заштитни насипи, се должни овие објекти да ги користат и одржуваат на начин што обезбедува прифаќање на поплавните бранови, како и обезбедување на нивна заштита од елементарни непогоди.

Ревизијата констатира дека:

- Министерот за животна средина и просторно планирање не доставил предлог, поради што Владата на Република Македонија не формирала постојано оперативно тело за координирање на активностите во случај на појава на опасност од уривање на брани, пробивање на заштитни насипи, како и испуштање или прелевање на поголеми количества на вода од акумулациите што можат да предизвикаат поплави, што не е во согласност со член 130 од Законот за водите;
- Во декември 2012 година формирана е Комисија за брани како стручно советодавно тело за прашањата кои се однесуваат на проектирањето, изведувањето и управувањето на браните и акумулациите. Оваа Комисија во текот на 2014 година има направено увид во состојбата на 43 брани, при што во ноември 2014 година изготвила Збирен извештај за општата состојба на браните од посебен интерес за Република Македонија во 2014 година. Во

[8] Извор : Национална стратегија за води 2012- 2042 од октомври 2012 година

извештајот е наведено дека последен пат ваква анализа била направена во 2003 година, што претставува доста долг период, имајќи ја предвид важноста на овие објекти. Констатациите во извештајот укажуваат дека:

- Според сигурносната состојба на браните алармантна е состојбата кај 4 брани, критична кај 5 брани и истите треба ургентно да бидат санирани, 10 брани се на задоволително ниво, но и кај нив санирањето на недостатоците не треба да се пролонгира на долг рок;
- Според квалитет на одржување на браните со придружните објекти, мерено од аспект на нивната оштетеност и големина на хидротехничките објекти, состојбата на браните е оценета како крајно незадоволителна, бидејќи 20 од 43 брани не се оценети со највисоката оценка, која се очекува од овие градежни објекти. Укажувањата се дека 6 брани се препуштени сами на себе, 6 се многу запуштени поради што претставуваат ризик за околината;
- Според приоритетот за санација наведено е дека на 36 брани од вкупно 43 им е потребна санација, при што за 5 брани потребата од санацијата е неодложна, 12 брани нема потреба ургентно да се санираат, но сепак истото не треба да се одложува на долг рок, додека останатите 19 брани се оние на кои се уште не им е загрозена стабилноста на хидротехничките објекти и бреговите во акумулацијата.

Според извештајот основна причина за појава на оваа состојба е недостатокот на финансиски средства од страна на корисниците (операторите) на браните, кои не се во можност самостојно да ги санираат и одржуваат браните. Предлогот на членовите на Комисијата за брани е изнаоѓање на други извори на финансирање или поголемо искористување на браните во процесот на производство на електрична енергија.

Ревизијата укажува на потребата од разгледување на наведениот извештај од надлежните органи во Република Македонија и утврдување на мерки и активности кои ќе обезбедат континуирано одржување на браните.

### 2.4. Вадење на песок, камен и чакал од коритата и бреговите на површинските водни тела

Согласно одредбите од Законот за водите, дозволено е вадење песок, чакал и камен, со цел заштита и подобрување на режимот на водите од коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеците, езерата и од акумулациите). Оваа активност во пракса се врши врз основа на дозвола/согласност која ја издава министерот за животната средина и просторно планирање на водостопанствата,

кои се надлежни за вадење песок, чакал и камен на подрачјето на своето дејствување и на единиците на локалната самоуправа на подрачјата каде што не се основани водостопанства и во урбаните средини. Со дозволата/согласноста се утврдува локацијата, количеството, начинот, времето, предметите и средствата за вадење, товарење и транспорт на песок, чакал и камен. Извадениот материјал понатаму може да се пушти во промет.

Во МЖСПП воспоставена е интерна евиденција на издадени дозволи/согласности при што во периодот од 2013 до 2015 година издадени се вкупно 29 дозволи/согласности за вадење песок, чакал и камен, од кој во 2013 година 12, во 2014 година 13, додека во 2015 година 4 дозволи/согласности.

Од спроведените истражувања, извршената ревизија на презентираните документи и одговорените прашалници како и спроведените интервјуа со одговорните лица ревизијата констатира дека:

- МЖСПП не ја пропишал формата и содржината на водната книга и начинот на нејзино воспоставување и одржување, односно не воспоставил и одржува водна книга, во која надлежните лица имаат обврска да ги регистрираат издадените дозволи/согласности за вадење песок, чакал и камен. Оваа состојба не е во согласност со членовите 142 и 160 од Законот за водите;
- Согласно одредбите од Законот за водите, предвидена е можност по отстранување на дел од материјалот од коритата и бреговите, носителот на дозволата/согласноста истиот да го пушти во промет со испратници издадени и заверени од МЖСПП. Испратниците треба да се издаваат на носителот на дозволата/согласноста, во количини утврдени со дозволата/согласноста и секое лице кое врши превоз на песок, чакал и камен е должно истата да ја поседува. Исто така, законските одредби превидуваат во МЖСПП да биде воспоставен регистар на издадени и заверени испратници. Во периодот од 2013 до периодот на вршење на ревизијата, дел од водостопанствата, при пуштањето во промет на извадениот материјал издавале свои интерни испратници, но истите не се доставени до МЖСПП и не се заведувале во регистар. Од страна на надлежните лица во јули 2014 година донесен е Правилник за формата и содржината на испратниците и формата и содржината на регистарот на издадени и заверени испратници. Од надлежните лица во Сектор води добиена е информација дека испратниците се веќе отпечатени, но се уште не е започнато нивното користење;
- Согласно член 174 од Законот за водите водостопанска согласност се издава заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни водостопански објекти. Ревизијата констатира дека во дел од склучените договори помеѓу водостопанство (испорачувач) и правно лице (примател), а

врз основа на добиена водостопанска согласност од страна на МЖСПП, акцентот е ставен пред се на ископот на камен песок и чакал, а не на изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни водостопански објекти. Договорот не содржи подетални информации кои се однесуваат на изградбите. Поради наведените слабости ревизијата не може со сигурност да потврди дека при реализацијата на договорите основната цел е подобрување на регулацијата на речното корито, односно ревизијата изразува ризик дека со овие активности се врши загрозување на животната средина и обезбедување на материјална корист на поединци;

- Во 2015 година извршен е инспекциски надзор од страна на инспекторите од ДИЗ, при што изготвен е извештај кој се однесува на експлоатацијата на песок, чакал и камен од земјоделско земјиште во сопственост на Република Македонија. Меѓу другото инспекторите во извештајот информираат за неконтролиран исков на песок и чакал од коритото и околу коритото на река Вардар и река Црна, без при тоа да се води сметка за уредување на коритото и регулацијата на реките. Од нивна страна се препорачува да се изврши детален инспекциски надзор со вклучување на сите надлежни институции со цел заштита на земјоделското земјиште и реките.



Див ископ на песок

Отсуството на водостопанската основа и невоспоставената водна книга, недоставување на испратници при издавањето во промет на извадениот чакал, песок и камен и отсуство на регистар за нивно евидентирање, не обезбедуваат потврда дека активностите за вадење и пуштање во промет на извадениот материјал се одвиваат според дадените дозволи/согласности за таа цел. Горе наведените состојби укажуваат на постоење ризик од недозволено вадење чакал, песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела, можност од влошување на постојниот режим на водите, појава на процес на ерозија, со што се ограничува или оневозможува користењето на водите, можност за недозволен промет и нанесување штета на Република Македонија.

## 2.5. Справување со ерозија

Според извештајот на Европската агенција за животна средина, Република Македонија влегува во црвената зона на водена ерозија во Европа, при што поголем дел од нејзината површина е под процес на ерозија. Ерозивните процеси постепено го разоруваат и уништуваат земјиштето односно хранливите материи и го нарушуваат режимот на водите. Една од основните причини за појава на поплави, при појава на поројни дождови е постоење на ерозивно подрачје. Во наведениот извештај како главни причини за големиот интензитет на современите ерозивни процеси се: промена на начинот на користење на земјиштето, неправилно и несоодветно земјоделско производство, намалување на површината под шуми, зголемување на густината на населеност, забрзаниот урбан развој и притисокот на урбаните центри, наметнатата потреба од задоволување на потрошувачката за различни материјални добра, климатските промени и др.

Согласно одредбите од Законот за водите мерки за заштита на ерозивно подрачје се:

- пошумување, затревување и терасирање (со контурни ровови, подѕидување и слично);
- забрана за вадење на земја, песок, чакал и камен;
- забрана на кастрење, сечење и копачење на дрва и грмушки и
- забрана за пасење на добиток.

Од пополнетите прашалници и спроведените разговори во општините и водостопанствата опфатени со ревизијата, констатиравме дека Советот на општините и водостопанствата (со исклучок на една општина и едно водостопанство), на територијата што е под нивна надлежност не ги определиле границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија и не ги утврдиле мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите. Истото не го направиле и надлежните лица во МЖСПП во соработка со надлежните лица во МЗШВ за целата територија на Република Македонија, што не е во согласност со член 135 од Законот за водите. Одговорите на прашалниците доставени до водостопанствата и јавните претпријатија укажаа дека, пред сечењето на шумите и крајбрежната вегетација, подигнати како заштитни објекти против ерозија и крајбрежните појаси на водотеците од нив не се бара согласност, што не е во согласност со член 137 од Закон за водите.

Општиот впечаток е дека мерките кои се преземаат за намалување на ерозијата се недоволни и на ова појава не се посветува доволно внимание од надлежните институции. Ревизијата смета за потребно да укаже дека една од основните мерки во превенцијата и заштита од штетните ефекти на водата е намалување на соголеното земјиште.

*Ревизорски тим:*
1. ____________
2. ____________
3. ____________

*Овластен државен ревизор*

## 3. Финансиски, материјално - технички ресурси и човечки капацитети

### 3.1. Средства за финансирање на управувањето и развој на водните ресурси

Согласно одредбите од Законот за води, обврзници за плаќање на надоместокот за користење на вода се правни и физички лица, кои врз основа на дозвола за користење на води ги вршат следните активности:

- зафаќаат, црпат, пренасочуваат, акумулираат, складираат или на друг начин користат вода од површински и/или подземни водни тела;
- испуштаат отпадни води во површински и/или подземни водни тела;
- испуштаат или фрлаат во согласност со овој закон, материи и супстанции во површински и/или подземни водни тела и
- вадат песок, чакал и камен.

Вкупниот надоместок за крајните корисници на водата (со исклучок кога се вади песок, чакал и камен) го сочинуваат цената на услугата за користење/испуштање на водата и надоместокот за користење/испуштање на водата. При вадењето на песок, чакал и камен надоместокот изнесува 7% од цената на еден метар кубен песок, чакал и камен.

Носителот на дозволата имаа обврска наплатените надоместоци по основ на користење, испуштање на вода и вадење на песок, чакал и камен, да ги уплати на посебна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка. Средствата од надоместоците се користат наменски за управување и развој на водните ресурси и надоместување на трошоците за работење на органите на државната управа и органите и организациите кои имаат соодветни надлежности во управувањето со води, односно вршење на одделни активности во врска со водите. За таа цел Владата на Република Македонија, по предлог на МЖСПП, а во согласност со други органи на државна управа има обврска на крајот на тековната, а за наредната година да донесе Програма за управување со водите (во натамошниот текст Програма).

Покрај многубројните законски обврски за наменско користење на средствата обезбедени со наплата на надоместоците за користење, испуштање на вода и вадење на песок, чакал и камен ги издвојуваме оние кои имаат влијание на подготовка на реките за заштита од штетните ефектите на водата од реките и тоа:

- изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти;
- изградба на нови и одржување и унапредување на постојните хидросистеми и хидромелиоративни системи;
- одржување на водотеците, изградба и одржување на објекти за регулација

на водотеците и заштита од штетните дејства на водите (ерозија и порои) и
- подготовка на планови за одбрана од поплави и замрзнувања, планови за заштита од ерозија и порои, како и за подготовка на соодветни планови за заштита од други штетни дејствија на водите вон населените места;
- мониторинг и утврдување на состојбата со квантитетот и квалитетот на водите.

Од вкупните наплатени надоместоци законска обврска е 5 % да се користат за:
- заштита од штетно дејство на водите содржани во Водостопанската основа на Република Македонија и Плановите за управување со речните сливови;
- изработка на Национална стратегија за води, Водостопанската основа на Република Македонија и Плановите за управување со речните сливови;
- покривање на трошоците за работење на Националниот совет за води, Советот за управување со речен слив, Советот за управување со дел од речен слив, како и други комисии и тела основани со овој закон;
- изработка на студии и научно - истражувачки работи во областа на управувањето со водите;
- востановување, одржување и развој на државната мрежа за мониторинг на водите;
- учество во изградба и одржување на водостопански објекти;
- учество во остварување на обврските од меѓудржавните договори и конвенции во областа на водите и заштита на водите и водените екосистеми;
- усовршување на кадри од областа на управувањето со водите и
- други намени со цел за имплементација на Националната стратегија за води, Водостопанската основа и Плановите за управување со речните сливови.

Од спроведените истражувања во рамките на институционалните капацитети, извршената ревизија на презентираните документи и одговорените прашалници како и спроведените интервјуа со одговорните лица ревизијата констатира дека :
- Вкупниот надоместок кој треба да го платат крајните корисници на вода го сочинуваат цената на услугата за користење/испуштање [9] и надоместокот за

[9] Цената на услугата за крајните корисници на водата ја сочинуваат трошоците на услугата за снабдување, трошоците за заштита на животната средина и трошоците за ресурсот, во согласност со начелото корисникот плаќа.
Цената на услугата за крајните корисници за одведување и прочистување на водата ја сочинуваат трошоците на услугата за одведување и прочистување на водата, трошоците за заштита на животната средина од испуштање во води и трошоците за реципиентот, во согласност со начелото загадувачот плаќа.
Цената на услугата ги вклучува сите експлоатациони трошоци, трошоците за одржување, трошоците

користење/испуштање на водата, при што согласно член 218 од Законот за водите, цената на услугата треба да се утврди врз основа на методологија. Во разговор со надлежните лица во МЖСПП добиена е информација дека изготвен е предлог Закон за тарифи, чии одредби содржат насоки за подетално уредување на Методологија за утврдување на тарифи за водни услуги од страна на давателот на водната услугата. Во недостиг на методологија водостопанствата и јавните претпријатија кои даваат услуги за користење/испуштање на вода, на крајните корисници им доставуваат фактури, изработени врз основа на своја методологија за пресметка на цена на услуга и истата е приход на соодветното водостопанство/јавно претпријатие;

- Вкупно остварениот приход на посебни уплатни сметки во рамките на трезорската сметка по основ на надоместоци за користење, испуштање на вода и вадење на песок чакал и камен во 2013 изнесува 105.049 илјади денари година, во 2014 година изнесува 99.362 илјади денари, додека во 2015 година заклучно со месец јули, изнесува 59.394 илјади денари, што упатува на тенденција на намалување на приходите по овој основ.

  Надлежните вработени во водостопанствата и јавните претпријатија информираа дека од нивна страна се преземени активности и воспоставена е евиденција на корисници на вода. Со доделувањето на субвенции во земјоделството истовремено интензивирана е и постапката за склучувањето на договори со корисниците на вода, со што се настојува евиденцијата да биде целосна и точна. При тоа ревизијата констатира дека недостасува единствена и комплетна евиденција на сите крајни корисници на вода, воспоставена од страна на надлежната институција, која би овозможила целосно и ажурно следење и контрола на наплатата, поради што ревизијата не беше во можност да потврди дали остварените приходи од надоместоци се целосни, навремени и точни;
- Воспоставената соработка и координација со Министерството за финансии во насока на меѓусебно редовно известување за наплатениот надомест за користење, испуштање на вода и вадење на песок чакал и камен се сведува на доставување информации за вкупно наплатениот износ, а не по поединечни корисници;
- Буџетот на Република Македонија, согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници нема обврска во своето сметководство да

за замена на амортизираните делови и други оштететувања, капиталните инвестиции, камата за отплата на капиталните инвестиции и заеми, гаранциите и други дополнителни трошоци.

обезбеди податоци за состојбата на вкупните побарувања по основ на ненаплатени надоместоци од носителот на дозволата за користење, испуштање на вода и вадење на песок чакал и камен. Овие побарувања не се евидентирани ниту во деловните книги на МЖСПП или МЗШВ и истите не се предмет на инвентарисување на крајот на известувачкиот период, што претставува можен ризик за нецелосно и неточно остварување на приходи од надоместоци за користење, испуштање на вода, вадење на песок чакал и камен и бесправно остварување на корист од страна на физички и правни лица;

- Во рамките на финансискиот план на МЖСПП, во 2013 и 2014 година била утврдена Програма за управување со водите, при што во 2013 година биле одобрени 32.000 илјади денари, а реализирани се 29.729 илјади денари, додека во 2014 година биле одобрени 22.200 илјади денари, но истите не биле реализирани. Во 2015 година воопшто не е донесена Програма за управување со водите. Ревизијата констатира дека, иако во 2013 и 2014 година биле планирани средства наменети за управување со водите, сепак планираниот износ на средства не соодветствува со износот на остварените приходи од надоместоци за користење, испуштање на вода и вадење на песок чакал и камен, односно одобрените средства претставуваат 1/3 од вкупно наплатените средства по основ на надоместоци.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за водите и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и не овозможуваат целосно и точно остварување на приход по основ на вкупен надоместок кој треба да го платат крајните корисници на водата и услугата, како и воспоставување на сметководствена евиденција на побарувања по тој основ. Исто така, отсуството на Програма за управување со водите влијае на наменско користење на средствата во насока на обезбедување ефикасен систем за управување со водите, во кој заштитата од штетните ефекти на водата од реките претставува важен сегмент.

### 3.2. Човечки ресурси и обуки

Врз основа на извршеното снимање и направениот увид во актите за систематизација и организација на работењето во МЖСПП, во рамките на Управата за животна средина формиран е Сектор за води во чија надлежност е планирање и развој на водите, давањето на концесии, издавање дозволи за стекнување водни права и управување со речните сливови. Согласно актите за организација и систематизација во овој сектор предвидени се 72 работни места, од кои пополнети се речиси 50% или 35 вработени. Еден дел од вработените (15 лица),

иако со решение се назначени во Сектор води, истите се распределени на други работни места и извршуваат поинакви работни задачи од оние што се наведени во решението, додека еден вработен е со решение на друго работно место, а вклучено е во работни активности на Сектор за води. Во Одделението за управување со сливното подрачје на реката Вардар, кое истовремено е најголемо сливно подрачје, двајцата вработени се помлади соработници, а работните задачи кои однесуваат за раководител на одделение ги извршува помошникот на раководител на сектор.

Со извршената ревизија во водостопанствата утврдивме дека во одредени водостопанства поголем дел од работните места се пополнети, но во разговор со вработените истите ни укажаа на потреба од постоење на стручен кадар. Истакнуваме дека водостопанството надлежно за подрачјето на Гостивар има само еден вработен кој е на работно место директор.

Седумте општини кои беа опфатени со ревизијата на успешност, во сите случаи информираа за постоење на посебна организациона единица за заштита и спасување во рамките на актите за организација и систематизација на општината, но во пет од нив единицата не беше пополнета со вработени. Што се однесува на инспекцискиот надзор во општините, утврдено е дека во шест од нив има само по еден овластен инспектор за животна средина, додека во една општина има двајца инспектори, но поради обемноста на нивната работа инспекторите во сите случаи немаат преземено значителни активности поврзани со надзор над управувањето со реките. За истакнување е и тоа дека, опфатените општини во ревизијата се вбројуваат во оние кои во периодот од 2013 до 2015 година имале поплави на својата територија, но во ниту една од нив не се организирале обуки, советувања или симулации поврзани со поплави, ерозија или порои. Постоење на вакви активности се важни од аспект на подигнување на човековата свест за својата околина и животната средина, давање совети и насоки за постапување со цел превенција и заштитата од поплави.

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, граѓаните на Република Македонија, општините, трговските друштва, јавните претпријатија, установите, задолжително треба да обезбедат соодветно обучен персонал за силите за заштита и спасување. Иако од страна на општините формирани се просторни сили за заштита и спасување на подрачјето на соодветна општина, од страна на ДЗС или ЦУК не се спроведени обуки на раководниот и командниот кадар на просторните сили, со цел истите да бидат подготвени во случај на кризна состојба. Не се организирани специјалистички обуки за поплава за лицата кои треба директно да бидат ангажирани во справување со поплави, а за граѓаните не се спроведени основни обуки за самозаштита и нивно постапување во случај на поплава и елиминирање на последиците од нив.

Од утврдените состојби со ревизијата на успешност, може да се заклучи дека во определени организациони единици во институциите има недостаток на кадар, во

некои случаи има доволно кадар, но истиот не е со соодветна стручна подготовка/образование. Во сите случаи евидентна е потребата од организирање на практични обуки.

### 3.3. Материјално - техничка опременост

Со извршената ревизија констатиравме дека во периодот од 2013 до 2015 година, не се вложени значителни финансиски средства за набавка на нова или подобрување на старата опрема – механизација (градежни машини и транспортни возила), со која располагаат водостопанствата и единиците на локална самоуправа опфатени со ревизијата. Оваа механизација е неопходна за воспоставување на континуирано чистење на речните корита и каналите за одводнување од нанос и вегетација, како една од мерките за превенција и подготовка на реките за заштита од ефекти на водата. Генерално земено, водостопанствата имаат функционални тешкотии, при што добиени се сознанија дека, повеќето од нив, со наплатениот приход од надоместоци, успеваат да ги покријат трошоците за плата, комуналии и одржување, но не се во состојба да ги надградат или модернизираат хидромелиоративните системи (системите за наводнување и одводнување) ниту пак да вложат средства во нова механизација.




Механизација за чистење на речни корита и канали за одводнување

Слична е состојбата и со единиците за локална самоуправа, кои најчесто не поседуваат своја опрема, туку со спроведување на постапка за јавна набавка, ангажираат правни лица за извршување на активности, а кои истовремено поседуваат соодветна опрема за чистење на речните корита и каналите за одводнување.

ДЗС како орган на државна управа, чии надлежности се во делот на заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, исто така има потреба да поседува современа опрема и механизација. Од анализа на документите доставени од надлежните лица вработени во ДЗС, наведено е дека досегашната опремата за справување со поплави се состои од чамци, весла, појаси за спасување, нуркачка опрема, боци со компримиран воздух и др., при што за поголем дел од опремата е наведено дека е дотраена или недостасува.


Донација на чамци

Во последните три години ДЗС нема набавено нова опрема, освен добиената донација во 2015 година во опрема за спасување, која вклучува четири чамци за спасување во вода при поголеми поплави и пумпи кои имаат голема моќ и исцрпуваат 40.000 литри во минута. Со овие пумпи може да се постигне големо црпење на надојдена вода и можност за полесно справување со поплави.
Целокупната состојба укажува на тоа дека механизацијата со која располагаат институции надлежни за превенција и подготовка на реките е недоволна, стара и неупотреблива, со што се доведува во прашање начинот и квалитетот на воспоставување превенција и заштита од штетните ефекти на водата.

## 4. Инспекциски надзор

Државниот инспекторат за животна средина е орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, со својство на правно лице. Основна функција на ДИЖС е спроведување на инспекциски надзор во согласност со законските прописи и други правни акти со кои се регулирани прашања од сферата на заштитата на животната средина, природата и водите. ДИЖС согласно постоечката систематизација е составен од три посебни одделенија и три сектори (Сектор за инспекциски надзор во животната средина и природата, Сектор за водостопанска инспекција и Сектор за координација на работата на инспекторатот). Согласно актот за систематизацијата се утврдени 74 работни места вклучувајќи го и директорот, а пополнети се 25. Согласно актот за систематизација во Секторот за водостопанска инспекција, чија основна задача е вршење надзор во областа на водите, планирано е бројот на водостопански инспектори да е 8, но пополнети се само 2 работни места.

Врз основа на спроведеното интервју со главниот инспектор и добиената документација, ревизијата констатира дека водостопански инспектор ја вршат својата работа во насока на подобрување на превенцијата и заштитата од штетни ефекти на водата. Надзорот спроведен од нивна страна се однесува пред се на почитување на одредби од Законот за водите, увид во добиените согласности и дозволи и начинот на постапување од страна на корисниците на тие дозволи, како и укажувања на низа слабости и недоречености во однос на целиот систем за управување со водите. Со оглед на обемноста и важноста на работата која треба да биде предмет на инспекциски надзор, укажуваме на потребата од зголемување на бројот на водостопански инспектори, со што би се подобрил и опфатот во нивниот делокруг на работа. На таков начин тие би можеле да ја остварат својата мисија и тоа во делот на превенцијата, спроведувањето на инспекциски надзор над субјекти, како и изрекување на соодветни инспекциски мерки со цел отстранување на утврдените неправилности.

Од анализата на одговорените прашалници и извршените интервјуа со овластените инспектор за животна средина во општините констатирана е слична состојба. Имено, поради мал број на инспектори, а големиот број на работни задолженија согласно законската регулатива, во општините кои беа опфатени со ревизијата на успешност не е извршен надзор со цел да се подобри управувањето со водите и заштита и одбрана од нивното штетно дејство.

# 5. Мониторинг, информирање и известување

## 5.1. Мониторинг на водните тела

Мониторингот на состојбата на сите водни тела во Република Македонија е важна активност и има за цел да се воспостави и да се одржува сеопфатна база на податоци потребни за управување и преглед на состојбата со водите во рамките на подрачјата на речните сливови. Информациите обезбедени преку мониторингот, се достапни до јавноста и до надлежните органи, организации и институции, особено заради спроведување и оцена на реализацијата на мерките за зачувување, заштита и постојано подобрување на сите водни тела.



Мониторинг на брана Стрежево

За мониторинг на површинските и подземните водни тела потребно е да се

воспостави државна хидролошка мрежа за мониторинг (во натамошниот текст: државна мрежа), додека за водните тела кои не се опфатени со мерните места од државната мрежа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје можат да воспоставуваат локални мрежи на мерни места за мониторинг на водните тела (во натамошниот текст: локална мрежа). Државната мрежа за мониторинг е воспоставена од страна на УХМР и тие се надлежни за набљудување и мерење на надземните и подземните води, протокот на реки и наносот, езерата и акумулациите и сл. Од интервјуто спроведено со надлежно лице во Секторот за хидрологија и следење на состојбата на природната средина, при УХМР добиена е информација дека управата располага со 110 станици за мерење на површинските води од кои функционираат 66 и со 115 станици за мерење на подземните води од кои функционираат 38 мерни станици. Од аспект на кадровската екипираност во Секторот за хидрологија работат 14 вработени, кои претставуваат 7% од вкупниот број на вработени, при што 4 вработени се инженери. Во секторот нема назначено раководител.

Согласно одредбите од Законот за водите водостопанствата и другите правни лица, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје кои управуваат со брани и акумулации и со заштитни насипи се должни да вршат мониторинг на состојбата на нивото и количеството на акумулираните води во акумулациите, како и на количеството на водите што влегуваат и што се испуштаат од нив и за истото се должни да го известуваат МЖСПП и Управата за хидрометеоролошки работи.

Од спроведената ревизија произлегоа следните констатации:

- МЖСПП не ги пропишал критериумите за избор на мерните места за државната и локалната мрежа за мониторинг на водните тела. Од страна на одговорните лица добиена е информација дека овој подзаконски акт се планира да се подготви откако ќе бидат претходно утврдени водните тела;
- МЖСПП не дал предлог, поради што Владата на Република Македонија не пропишала акт за одредување на условите, начинот и постапката за воспоставување и работење на сите мрежи за мониторинг на состојбата на водните тела;
- МЖСПП не предложил, а Владата на Република Македонија, не донела Програма за мониторинг на водите. Одговорните лица во МЖСПП информираа дека изработени се предлог програми за мониторинг на слив на река Брегалница, Преспанско Езеро и река Струмица, а во план е да се започне со изготвување предлог програма за мониторинг на водите во сливот на река Вардар;
- МЖСПП не ја пропишал методологијата и не ги определил параметрите за мерење и мониторинг на квалитетот и квантитетот на сите водни тела, при што во тој мониторинг согласно законот не спаѓаат мониторингот и

анализите на водата наменета за консумирање од страна на човекот и мониторинг на водата во зоните за капење;

- МЖСПП во соработка со други органи на управа, не донел посебни прописи со кои се уредува мониторингот во случај на поплави и вонредни состојби, виша сила и несреќи и истите треба да бидат составен дел на планот за управување со речен слив;
- МЖСПП во соработка со МЗШВ, не донел методологија според која се врши известувањето од мониторингот на состојбата на нивото и количеството на акумулираните води во акумулациите, како и на количеството на водите што влегуваат и што се испуштаат од нив;
- Министерот за животна средина и просторно планирање во согласност со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството не предложил, а Владата на Република Македонија не ги утврдува мерките кои треба да се преземат во случај на вонредна состојба, условите и начинот за нивна реализација. Мерките се утврдуваат откако ќе се случи вонредната состојба;
- МЗШВ не го пропишал начинот и постапката за предупредување и најава на временски непогоди;
- Анализата на доставените прегледи, документи и коресподенции од вработените во МЖСПП – Сектор македонски информативен центар за животна средина, како и извршениот разговор со надлежното лице во УХМР укажаа на одредени слабости во спроведениот мониторинг од страна на државната мрежа за мониторинг и тоа:
    - Во 2014 година од страна на УХМР не се доставени податоци за протокот на реки, при што како основни причини се наведени: малиот број на извршени мерења во текот на годината кои не овозможуваат донесување на реален заклучок во однос на протокот на реките, неисправни и стари инструменти и апарати, недостаток на финансиски средства за теренски увид од страна на набљудувачи, нефункционален и застарен возен парк, недоволно стручен кадар и сл;
    - Не се врши мерење на речниот нанос, чие следење би претставувало појдовна информација при одлучување на кое место треба да се чистат речните корита;
    - Водомерните летви се инструмент со кој секојдневно се мери водостојот во реките, а еднаш месечно се информира за истото. Поради потреба од почеста информација, од страна на надлежните лица во УХМР воведени се и 11 јавувачки станици со цел да се добие информација во текот на денот, при што според нив за заштита од поплави потребно е воведување на автоматски станици кои ќе

даваат информација на секои 15 минути. На таков начин би се обезбедила реална слика за состојбата на реките;


Водомерна летва

- Од вкупниот број на станици (110), автоматски се 24, при што во моментот на вршење на ревизијата во функција се само 6 од нив. Недостатокот на финансиски средства е причината поради која овие станици не се одржуваат во функционална состојба;
- При утврдување на Акционите планови за чистење на речните корита и нивната реализација, не е воспоставена комуникација со стручно лице од УХМР, со цел при чистењето на речните корита да не дојде до непотребно отстранување на материјал од речното корито, со што би се нарушило нивото на подземните води и би имало негативно влијание на животната средина и околните екосистеми;
- Општините кои беа опфатени со ревизијата на успешност немаат воспоставуваат локални мрежи на мерни места за мониторинг на водните тела.

Несоодветно воспоставената подзаконска рамка за работа на државната и локална мрежа за мониторинг, како и недостатокот на материјални, финансиски и човечки ресурси влијаат на воспоставување на навремен и целосен систем за мониторинг на водните тела како еден од најважните мерки потребни за превенција и подготовка на реките и го зголемуваат ризикот од штетните ефекти на водата од реките.

### 5.2. Функционалност на системот за известување и тревожење

Центарот за управување со кризи е надлежен за организирање на систем за известување и тревожење, заради известување на учесниците во системот за управување со кризи и на населението, со цел рано предупредување односно следење на состојбата, навремено идентификување на појавите и процесите кои претставуваат ризици и опасности по безбедноста на Република Македонија и кои можат да доведат до кризна состојба. Сопствениците на системи за тревожење се должни да обезбедат вклучување во единствениот систем за тревожење во Република Македонија.

Од спроведените интервјуа со надлежните лица во ЦУК, ревизијата дојде до сознание дека:

- Единствениот систем за известување и тревожење во Република Македонија не функционира. Имено, системот за известување и тревожење е стар и неупотреблив, а за да се обезбеди нов потребни се повеќе финансиски средства, кои ЦУК не е во можност да ги обезбеди од својот буџет. Алтернативната опција за воспоставување на систем за известување и тревожење со користење на радио системот не е применлива од причина што радио станиците со кои располага ЦУК се стари и неупотребливи, поради што е потребна реконструкција на целата радио мрежа;
- Заради континуирано и ефикасно вршење на работите поврзани со рано предупредување за можностите од настанување на кризна состојба, во ЦУК требало да биде воспоставен единствен комуникациско – информативен систем, со единствен број на повик – јавување во случај на ризици, опасности и други несреќи на целата територија на републиката Е-112, но истиот до периодот на извршување на ревизијата на успешност се уште не е поставен;
- Владата на Република Македонија со уредба ги пропишува знаците, начинот и процедурите за тревожење, но не и постапките на населението во случај на тревожење и
- Ревизијата констатира дека водостопанствата, кои се опфатени со ревизијата на успешност и управуваат со брани, немаат поставено или не ги одржуваат во исправна состојба уредите за известување и тревожење. Во случај на опасност овие правни лица не се во можност да организираат известување и тревожење, кое како систем треба да биде поврзан со системот за известување и тревожење на Република Македонија.

Овие состојби не се во согласност со членовите 38, 39 и 40 од Законот за управување со кризи и 199 од Законот за водите, при што не овозможува рана превенција, односно издавање на прогнози и рана најава на временски непогоди во Република Македонија. Сето ова, не овозможува навремено справување со кризи, што претставува ризик за добрата, здравјето и животот на луѓето и животните.

### 5.3. Информации и комуникации

Целосна интеграција на заштитата на животната средина бара државните органи да бидат во позиција на точна, сеопфатна, навремена и ажурирана информираност. Информацијата е многу важен фактор со цел навремено преземање мерки за превенција и заштита во случај на постоење опасност.

Од спроведените анализи и истражувања, извршената ревизија на презентираните документи и одговорените прашалници како и спроведените интервјуа со одговорните лица ревизијата констатира дека:

- МЖСПП нема пропишано и воспоставено водна книга, која треба да претставува база на податоци, регистар на сите издадени дозволи за користење, испуштање и вадење на чакал, песок и камен, заштитните зони, плавените области, стари права и обврски, водостопанските согласности, барањата за издавање на дозволи, привремени принудни управи и други податоци од важност за административните одлуки во врска со водите. Надлежните лица во МЖСПП, не информираа дека се прават планови за промена на Законот за водите со цел да се воспостави информативен систем за води како замена на водната книга, каде на географски информативен систем ќе се водат и евидентираат податоците;
- Поради недонесени Планови за управување со речните сливови, МЖСПП не е во можност да ја испочитува законската обврска за доставување информации до Владата на Република Македонија, кои пред се зависат од постоењето на овие планови, а се однесуваат на управувањето со речните сливови;
- МЖСПП, Советот на општините и водостопанствата (со исклучок на една општина и едно водостопанство) кои беа опфатени со ревизијата на успешност не изготвуваат и не објавуваат извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите (заштита и одбрана од поплави, уредувањето и одржување на природните и уредените водотеци и другите површински води, заштита од ерозија и порои и заштита и подобрување на режимот на водите со вадење на песок, камен и чакал), како и мерки што тие ги сметаат за потребни заради спречување и ублажување на последиците од штетното дејство на водите на земјиштето во нивното подрачје. Овој извештај согласно одредбите од Законот за водите, општините и водостопанствата имаат обврска да го достават до МЖСПП до 31 март во тековната година;
- Заради информирање на јавноста, надлежните органи на државната управа имаат обврска да изготвуваат периодични извештаи за спроведување на одредбите од Законот за водите, вклучувајќи ги и податоците добиени од мониторингот на водите. Ревизијата констатира дека МЖСПП нема доставено предлог, поради што Владата на Република Македонија не донела акт во кој се пропишува содржината на извештаите, начинот и постапката за информирање. Од извршените интервјуа со надлежните лица во МЖСПП и одговорениот прашалник од нивна страна, добиени се сознанија дека посебен извештај од спроведување на законот за водите не се изготвува, но

податоците добиени од мониторингот на водите се составен дел од Извештајот за квалитетот на животната средина;

- Правни лица кои управуваат со брани и акумулации вршат мониторинг на состојбата на нивото и количеството на акумулираните води во акумулациите, како и на количеството на водите што влегуваат и што се испуштаат од нив, но за истото најчесто го известуваат МЖСПП, но не и УХМР, што не е во согласност со член 130 од Законот за водите и
- Еднаш годишно до крајот на септември, МЖСПП, општините и водостопанствата не извршиле процена за тоа дали водотеците во нивна надлежност се во состојба да предизвикаат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата и дали во целост ги почитуваат прописите за контрола на поплави, што не е во согласност со член 133 од Законот за водите.

Воспоставениот систем на информирање кој не обезбедува целосни, точни и ажурни информации поврзани со управувањето и мониторингот на водните тела, влијае на навременото преземање на превентивни мерки и заштита од штетните ефекти на водата од реките.

## IV. ЗАКЛУЧОК

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата, даваат основа да го изразиме следниот заклучок:

Врз основа на извршената ревизија, ги утврдивме состојбите од преземените мерки и активности од страна на надлежните институции одговорни за управување со водите, односно превенција и подготовка на реките за заштита од ефекти на водата. При тоа констатирано е дека во периодот од 2013 до 2015 година реализирани се акциони планови за чистење на каналите за одводнување и наводнување и на речните корита како дел од мерките за справување со штетните ефекти од реките. Воспоставено е следење на браните и акумулациите од аспект на нивната стабилност и сигурност, при што се укажава на потребата од санација на поголемите од нив, истовремено наведувајќи го приоритетот за санација според нивната оштетеност. Надзорот од страна на водостопанските инспектори се однесува на почитување на одредбите од законската регулатива, увид во добиените согласности и дозволи и начинот на постапување од страна на корисниците на тие дозволи, како и укажувања на низа слабости и недоречености во однос на целиот систем за управување со водите. Преземените мерки и активности од страна на надлежните институции не секогаш обезбедуваат превенција и подготовка на реките за заштита од штетните ефекти на водата (поплава, ерозија, порој).

Постои потреба за преземање на дополнителни активности и мерки во областите предмет на ревизија, а пред се во делот на:

- имплементирање на законите во насока на нивно усогласување со европските директиви;
- донесување на стратешките документи и подзаконските акти, без кои не е можно преземање активности за подготовка на реките за заштита од ефекти на водата;
- надминување на постојните недоречености или слабости во делот на надлежностите, соработката и комуникацијата меѓу институциите вклучени во системот на управување со водите;
- подобрување на начинот на избор на каналите за одводнување и речните корита кои се опфатени со акциите за чистење;
- преиспитување на воспоставениот начин на финансирање на чистењето на речните корита со нафтени деривати и целосен увид врз активностите кои се преземаат при чистењето на речните корита;

- зајакнување на контролата во областа на ископот на камен, песок и чакал;
- зголемување на свесноста од постоење и појава на ерозија и порој и преземање на поголеми мерки за намалување на соголеното земјиште;
- подобрување на наплатата на парични средства од крајните корисници по основ на користење, испуштање на вода и вадење на песок чакал и камен, како и воведување на наменското користење на истите;
- обезбедување на доволно материјални – технички и кадровски ресурси потребни за непречено спроведување на доделените надлежности на институциите и обезбедување на континуирана превенција од ефектите на водата;
- зајакнување на државна хидролошка мрежа за мониторинг и воспоставување на локалната мрежа во насока на обезбедување на прогнози и рана најава на временски непогоди;
- обезбедување функционален систем за известување и тревожење и
- продолжување со активностите за континуирано подигнување на јавната свест кај луѓето за заштита и чување на реките и воопшто животната средина.

## V. ПРЕПОРАКИ

1. Надлежните органи (МЖСПП, Собранието на Република Македонија, Влада на Република Македонија, МЗШВ, единици на локална самоуправа, АД Водостопанство на Република Македонија[10], МО, МТВ, МЗ, МЛС, ДЗЦ и ЦУК) да преземат активности за донесување на стратешки документи и подзаконски акти и обезбедат нивна имплементација.

2. Надлежните органи (МЖСПП, МЗШВ, АД Водостопанство на Република Македонија , единиците на локална самоуправа, УХМР, Влада на Република Македонија) да преземат мерки во насока на подобрување на институционалната поставеност и тоа:
   - Планирање и координација на активностите за чистење на речните корита и каналите за одводнување во насока на постигнување најдобри резултати во заштитата од ефектите на водата;
   - Анализа на работните задолженија на секоја институција вклучена во системот за управување со водите со цел да се избегне преклопување на надлежности и обврски помеѓу институциите и непотребно ангажирање на финансиски и човечки ресурси;
   - Зголемување на соработка помеѓу водостопанствата и општините, како и обезбедување на поголема територијална покриеност во делот на вршење на водостопанската дејност и
   - Формирање на Националниот совет за води и Совети за управување со подрачјето на речните сливови.

3. Надлежните органи (МЖСПП, АД Водостопанство на Република Македонија и единиците на локална самоуправа) да преземат активности за:
   - Преиспитување на досегашниот начин на плаќање (во натура со нафтени деривати) при чистење на речните корита;
   - Одобрување на процедурата од страна на раководниот орган и нејзино заведување во деловните книги на МЖСПП;
   - Донесување на одлуките за локацијата на која ќе се чистат речните корита и на кои од нив ќе му се даде приоритет, да се темели на стручни анализи и доставени елаборати;
   - Обезбедување на соодветна документација од извршените работи од сите корисници задолжени за спроведување на планот, за да се утврди степенот на исполнување на обврските согласно склучените договори и

[10] АД Водостопанство на Република Македонија акционерско друштво во државна сопственост се формира со Закон за водостопанства (Сл.Весник на РМ бр.51/15)

- Обезбедување на постојан и континуиран мониторинг на активностите кои се вршат на терен од страна на надлежните и овластени лица.

4. Надлежните органи (АД Водостопанство на Република Македонија) да воспостават процедури и критериуми за начинот на изборот на канали за чистење и одредување на приоритет при нивното чистење.

5. Надлежните органи (единиците на локална самоуправа кои управуваат со брани, АД Водостопанство на Република Македонија и МЖСПП) да преземат активности за:
   - Разгледување на укажувањата од Комисијата за брани и да преземат мерки и активности за постапапување по нивните препораки со цел да преземат активности за санирање и одржување на браните и изнаоѓање на извори за нивно финансирање и
   - Формирање на оперативно тело кое што ќе врши координирање на активностите во случај на појава на опасност од уривање на брани, пробивање на заштитни насипи, како и испуштање или прелевање на поголеми количества на вода од акумулациите што можат да предизвикаат поплави.

6. Надлежните органи (АД Водостопанство на Република Македонија, МЖСПП и ДИЖС) да преземат мерки за отпочнување со практичната примена на испратници издадени од страна на МЖСПП, воведување на регистар на испратници и соодветен систем на контрола при уредување на речните корита.

7. Надлежното министерство да преземе активности за преиспитување на оправданоста на издадените дозволи/согласности за вадење на песок, камен и чакал од коритата и бреговите на површинските водни тела вклучувајќи го и уредувањето на речните корита.

8. Надлежните органи (МЖСПП, МЗШВ, АД Водостопанство на Република Македонија и единиците за локална самоуправа) да преземат мерки за :
   - Одредување на границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија на локално и национално ниво и да ги утврдат мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите;
   - Пред сечење на шуми и крајбрежна вегетација, подигнати како заштитни објекти против ерозија и крајбрежните појаси на водотеците да се воспостави постапка на барање на мислење од водостопанствата и правните лица кои се занимаваат со водостопанска дејност и

- Подигање на јавната свест кај населението за штетите кои ги причинува неконтролираното кастрење, сечење и копачење на дрва и грмушки, вадење на земја, песок, чакал и камен.

9. Надлежните органи (МЖСПП, АД Водостопанство на Република Македонија и МФ) да преземат мерки за :
   - Донесување на методологија со која се утврдува цената на услугата која треба да ја плати корисникот;
   - Продолжување со активностите за воспоставување целосна евиденција на крајни корисници на вода, како и обезбедување збирна, единствена и комплетна евиденција на сите корисници, која би овозможила целосно и ажурно следење и контрола на наплатата;
   - Воспоставување на сметководствена евиденција за вкупните побарувања од физички и правни лица, по основ на ненаплатени надомест при користење, испуштање на вода и вадење на песок чакал и камен и подобрување на соработката и координацијата меѓу институциите во насока на доставување редовни и подетални извештаи и
   - Донесување на Програма за управување со водите и нивно наменско користење во насока на подготвување на реките за заштита од ефекти на водата.

10. Надлежните органи (МЖСПП, АД Водостопанство на Република Македонија, единиците за локална самоуправа, ДЗС, ЦУК и ДИЖС) да преземат мерки и активности за обезбедување соодветни организациони облици, доволно кадровски ресурси и нивно стручно усовршување (со посебен осврт на специјализирани обуки за одбрана од поплави за просторните сили и обуки за самозаштита за граѓаните) како основен предуслов за воспоставување на квалитетен систем за управување со водите.

11. Надлежните органи (АД Водостопанство на Република Македонија, единиците на локална самоуправа и ДЗС) да преземат активности за подобрување на состојбата на механизацијата и опремата со која располагаат институции надлежни за превенција и подготовка на реките. Исто така, од нивна страна да се направат анализа и да се преиспита можноста за набавка на нова и современа механизација и опрема за чистење на канали и речни корита.

12. Надлежните органи (МЖСПП, Влада на Република Македонија, МЗШВ, МЗ, УХМР и единиците за локална самоуправа) да преземат активности за :
   - Донесување на акти со кои се пропишуваат:
     - критериумите за избор на мерните места за државната и локалната мрежа за мониторинг на водните тела;

  - условите, начинот и постапката за воспоставување и работење на сите мрежи за мониторинг на состојбата на водните тела;
  - мерките кои треба да се преземат во случај на вонредна состојба, условите и начинот за нивна реализација;
  - начинот и постапката за предупредување и најава на временски непогоди;
- Изготвување и донесување на програма за мониторинг на водите;
- Изготвување и донесување на:
  - методологија и параметри за мерење и мониторинг на квалитетот и квантитетот на сите водни тела,
  - методологија според која се врши известувањето од мониторингот на состојбата на нивото и количеството на акумулираните води во акумулациите, како и на количеството на водите што влегуваат и што се испуштаат од нив;
  - мониторингот во случај на поплави и вонредни состојби, виша сила и несреќи;
- Спроведување анализа и преиспитување на можноста за подобрување на состојбата со материјалните и човечки ресурси во институцијата надлежна за спроведување на државна хидролошка мрежа за мониторинг и
- Да се воспостават локални мрежи на мерни места за мониторинг на водните тела.

13. Во насока на навремено справување со кризи, надлежните институции (ЦУК, Влада на Република Македонија, АД Водостопанство на Република Македонија и единици за локална самоуправа) да преземат мерки за:
    - Воспоставување единствен систем за известување и тревожење;
    - Воспоставување единствен комуникациско – информативен систем, со единствен број на повик – јавување во случај на ризици, опасности и други несреќи на целата територија на републиката;
    - Акт со кои се пропишани знаците, начинот и процедурите за тревожење и постапките на населението во случај на тревожење и
    - Воспоставување или санација на системите за известување и тревожење на браните.

14. Надлежните органи (МЖСПП, единиците за локална самоуправа и АД Водостопанство на Република Македонија) да воспостават координиран и навремен систем на информирање кој ќе обезбеди целосни, точни и ажурни информации во насока на ефикасно управување и мониторинг на водни тела и ќе овозможи навремено преземање на превентивни мерки и заштита од ефектите на водата од реките.

ПРИЛОГ БР.1

**Преглед на утврдени неправилности при спроведување на активностите предвидени со Акционен план за чистење на реките и речните корита за 2013 година**

| | ЕЛС Штип | ЕЛС Тетово | ЕЛС Новаци | ЕЛС Радовиш | ВС Брегалница - Кочани | ВС Битолско поле | ВС Струмичко поле | ВС Прилепско поле | ВС Тиквеш Кавадарци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали корисникот има назначено надзорни инженери за вршење надзор над работите со чистење на речните корита и дали истите имаат потпишано изјави дека одобрените количини на нафта ќе бидат потрошени согласно Акциониот план? | да | не | да | да | не | не | да | не | да |
| Дали корисникот има овластено лица за кои ќе бидат задолжени за преземање на одобрените количини гориво? | да | да | да | да | не | да | да | да | да |
| Дали корисникот има испратници/приемници за доставена нафта/кантарна белешка за потврдување на количини? | да | не | не | да | да | да | да | да | да |
| Дали корисникот има склучено договор за складирање на нафта доколку не располага со сопствени складишта? | не | не | не | да | не | да | да | да | нафтата е складирана на имот на водостопанство то |
| Дали корисникот има склучено договор/и за јавна набавка со оператор/и за реализација на активностите предвидени со Акциониот план? | не | не | да | не | да | ги врши работите со сопствена механизациј | да | да | да |
| Дали корисникот изготвува испратници/приемници за издадена нафта на изведувач на работите? | не | не | не | да | да | да | да | да | да |

| | ЕЛС Штип | ЕЛС Тетово | ЕЛС Новаци | ЕЛС Радовиш | ВС Брегалница - Кочани | ВС Битолско поле | ВС Струмичко поле | ВС Прилепско поле | ВС Тиквеш Кавадарци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали корисникот поседува градежен дневник/градежна книга/завршна оверена ситуација/фактури за узвршените работи? | да | да | да | да | да | да | да | да | да |
| Дали корисникот добиената и потрошената нафта сметководствено ја евидентира во своите деловни книги? | не | не | не | да | да | не | да | да | да |
| Дали корисникот до координативното тело има доставено завршен извештај со фотографии од локацијата пред и по завршувањето на активностите поврзани со чистењето на речните корита? | да | не | да | не | не | да | да | да | не |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАДОВИШ
Бр. 25 - 255/2
19 02 20 16 год.
Радовиш

ПГДР

До
Државен завод за ревизија
Овластен државен Ревизор
Скопје

23.02.2016
16-194/17

Предмет: Доставува забелешка
Врска: Ваш акт Број 16-194/8 од 05.02.2016

Почитувани,

Во врска со Нацрт Извештајот за извршена ревизија на успешност-,,Ефикасност на преземените активности од страна на надлежните институции со цел подготовка на реките за заштита од ефекти на поплава,, имаме забелешка во делот на Прилог бр.1 ,,Преглед на утврдени неправилности при спроведувањето на активносттите предвидени со Акциониот план за чистење на речните корита за 2013година,, на втората страна, последниот ред.
Во Прилог Ви доставуваме копија од пропратно писмо Бр.25-1084/4 од 13.11.2015 година, со кое се потврдува дека се доставени сите потребни документи.

Со почит,
Благодариме насоработката,

Изработил/Контролирал Д. Чамински

Општина Радовиш
Градоначалник
Сашко Николов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА РАДОВИШ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА Р...
Бр. 25-1084/4
13.11 2015 год.
Радовиш

До
Министерство за животна средина и
просторно планирање
Скопје

Предмет: Доставува Извештај и градежна документација
за расчистување на речните корита Акционен План 2013г.
На подрачјето на општина Радовиш

Почитувани,

Ви доставуваме Извештај за извршените работи, според Акциониот План за расчистување на речните корита за 2013 година и градежна документација.

ПРИЛОГ:

- Извештај за извршените работи, според Акциониот План за расчистување на речните корита за 2013 година
- Завршна ситуација за извршена работа
- Прва времена ситуација,
- Градежен дневник и
- Градежна книга

Ви благодариме на соработката,

Комисија од надзорни лица задолжени за
спроведување на Акциониот план на
Република Македонија за 2013 год. за расчистување
на речните корита во општина Радовиш

1.Добрилка Стоименова
2.Верка Стевчева
3.Душан Чамински

## Одговор
## на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

На ден 23.02.2016 година добиена е забелешка на Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност на тема „Ефикасност на преземените активности од страна на надлежните институции со цел подготовка на реките за заштита од ефекти на водата" бр. 25-255/2 од 19.02.2016 година, од раководното лице Сашко Николов, градоначалник на општина Радовиш, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-194/17 од 23.02.2016 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во Прилог број 1 од Нацрт извештајот, која се однесува на утврдени неправилности при спроведувањето на активностите предвидени со Акциониот план за чистење на речните корита за 2013 година, претставува известување за преземени активности од субјектот. Во периодот на вршење на ревизијата 08.06. до 06.10.2015 година, што е наведено во точка 3.7. од извештајот, е констатирано дека ЕЛС Радовиш нема доставено до координативното тело „завршен извештај со фотографии од локацијата пред и по завршувањето на активностите поврзани со чистењето на речните корита". Во прилог на забелешката, доставена е копија од пропратното писмо бр. 25-1084/4 од 13.11.2015 година, со кое општина Радовиш до Министерството за животна средина и просторно планирање доставило Извештај и градежна документација за чистењето на речните корита во нејзината област, а согласно Акционен План за 2013 година. Во прилог на забелешките не се доставени потребните прилози поради што утврдената состојба не се менува.

*Ревизорски тим:*
*1.*________
*2.*________
*3.*________

*Овластен државен ревизор*
________